РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СТРОЕВО ПРАВИЛО НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПУБЛИКАЦИЈА ПРА - АРМ - 70 - 002

Евиденциски број (ЦДНЛ): __ _____

Инвентарски број (Орг. единица): _____

Врз основа на член 26 став 1 точка 18 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008 и 51/2011), началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија донесе

СТРОЕВО ПРАВИЛО НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
НАЧАЛНИК
генерал - мајор
Горанчо Котески, с.р.

СОДРЖИНА

ВОВЕД 7

ПРВА ГЛАВА 9
СТРОЕВО ПРАВИЛО НА АРМ 9
ОПШТИ ОДРЕДБИ 9

ВТОРА ГЛАВА 17
СТРОЕВИ ПОСТАПКИ 17
СТАВОВИ БЕЗ ОРУЖЈЕ 17
СТАВОВИ СО ОРУЖЈЕ 20
ДВИЖЕЊЕ 40
СВРТУВАЊЕ 43

ТРЕТА ГЛАВА 45
ПОЗДРАВУВАЊЕ, ПРИОЃАЊЕ КОН СТАРЕШИНА И СИМНУВАЊЕ НА КАПА 45
ПОЗДРАВУВАЊЕ 45
ПРИОЃАЊЕ КОН СТАРЕШИНА 48
СИМНУВАЊЕ НА КАПА 49

ЧЕТВРТА ГЛАВА 51
СТРОЕВИ И РАБОТИ НА ОДДЕЛЕНИЕ 51
ПОСТРОЈУВАЊЕ НА ОДДЕЛЕНИЕ 51
ПОЗДРАВУВАЊЕ 56
ПРЕСТРОЈУВАЊЕ 58
ПРЕСТРОЈУВАЊЕ ВО ДВИЖЕЊЕ 60
ЗАОДУВАЊЕ 61

ПЕТА ГЛАВА 63
СТРОЕВИ И РАБОТИ НА ВОД 63
ПОСТРОЈУВАЊЕ 63
ПРЕСТРОЈУВАЊЕ 65
ВОД НА МОТОРНИ ВОЗИЛА 71

ШЕСТА ГЛАВА 75
ЗБОРНИ СТРОЕВИ И РАБОТИ НА ЧЕТА 75
ПОСТРОЈУВАЊЕ, ПОЗДРАВУВАЊЕ И ПРЕСТРОЈУВАЊЕ 75
ЧЕТА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА 83

СЕДМА ГЛАВА 87
ЗБОРНИ ПОРЕДОЦИ И РАБОТИ НА БАТАЛЈОН 87
ПОСТРОЈУВАЊЕ, ПОЗДРАВУВАЊЕ И ПРЕСТРОЈУВАЊЕ 87
БАТАЛЈОН НА МОТОРНИ ВОЗИЛА 94

ОСМА ГЛАВА 97
ДРУГИ ОДРЕДБИ 97
ПРЕЧЕК И ИСПРАЌАЊЕ 97
ВОЕНИ ПАРАДИ 99
ЗНАМЕНСКИ ВОД 103
ПОЧЕСНА СТРЕЛБА 109
СТАВОВИ И РАБОТИ СО САБЈА 111

ДЕВЕТА ГЛАВА 115
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ 115

ПРИЛОЗИ 116
ТАБЛИЦА НА СИГНАЛИ 117

В О В Е Д

Строевото правило на Армијата на Република Македонија (АРМ) е изработено врз основа на постоечкото правило и стекнатите искуства низ праксата од неговата примена, како и според формациската структура и опремата со која се опремени единиците на АРМ.

Строевото правило на АРМ е општо правило кое е наменето за спроведување на строева обука за строева изграденост на персоналот и единиците на АРМ. Исто така за градење на дисциплината во обуката и извршувањето на задачите, а преку создавање навики за точност, прецизност и навремено извршување на наредбите на претпоставениот како од страна на поединец така и од единиции со јачина на одделение, вод, чета и баталјон.

Правилото овозможува преку церемонии и свечености да се развива чуството за припадноста, традициите и обележјата на АРМ и Република Македонија. Исто така возможува обука и спроведување на работи и постапки за пречек и испраќање на важни домашни и странски личности, како и други посебни активности на гардиската единица на АРМ.

Одредбите од строевото правило на АРМ, секој поединец и единица мораат да ги познаваат и во потполност да ги применуваат во обуката и извршувањето на секојдневните постапки и работи. На тој начин ќе се одржува во континуитет строевата обука, строевата изграденост на поединец и единица, еднообразност во спроведување на постапки и ќе ја зацврстува дисциплината во извршувањето на задачите.

Единиците на видовите, родовите и службите што не се непосредно опфатени со ова строево правило, строевите постапки и работи ги изведуваат според одредбите на истото, приспособувајќи ги кон карактерот на единицата и конкретните услови.

ПРВА ГЛАВА

СТРОЕВО ПРАВИЛО НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Општи одредби

1*) Строеви постапки се изведуваат со поединец и со единици.

Единиците со јачина на одделение и вод, строевите постапки ги изведуваат во пропишаните строеви, а единиците со јачина на чета, баталјон и бригада во поредоци.

Стројот–поредокот е распоред во кој военото персонал, возилата и техничките материјални средства во единицата и единиците на вишата единица се построени по фронт и длабочина на определени растојанија и отстојанија.

Строевите можат да бидат: еднoредни, дворедни, колона по еден, колона по двајца, колона по четворица (тројца), редица и колона.

2) Поредоците можат да бидат: дворедни, линија на водни колони, линија на четни колони, линија на баталјонски колони, колона по двајца, колона по четворица (тројца), редица и колона.

3) Сите наведени строеви – поредоци се зборни, а колона по еден, колона по двајца, колона по четворица (тројца) и колона во движење се маршевски строеви – поредоци.

Старешината на единицата со команда (наредба) одредува во кој зборен строј – поредок ќе се построи единицата.

---

* Броевите ги означуваат параграфите кои се последователни во сите поглавја

Во сите строеви – поредоци, поединци и единици се рамнат по фронт и по длабочина – според деснокрилниот (левокрилниот) и еден зад друг в тил.

4) **Едноредeн строј** е распоред на единицата во кој военото персонал е построен еден до друг на пропишаното растојание (Сл.24 и 26б).

Во едноредeн строј се постројуваат одделенија и водови.

5) **Двореден строј** – поредок е распоред на единиците во кој военото персонал е распореден во два реда така што военото персонал од првиот ред се наоѓа в тил на военото персонал од вториот ред на пропишаните отстојанија и растојанија (Сл.23, 26а, 32 и 42). При свртување на строј – поредок „налево круг“ називите на редиците се менуваат.

Во двореден строј – поредок се постројуваат одделенија, водови, чети и баталјони.

6) **Колона по еден,** е распоред на единици во кој военото персонал е построени еден зад друг, в тил на пропишано отстојание (Сл.25б).

Во колона по еден се постројуваат одделенија и водови.

7) **Колона по двајца** е распоред на единици во кои военото персонал е построен во две колони на пропишано растојание и отстојание (Сл.25а, 27а и 34).

Во колона по двајца се постројуваат одделенија, водови и чети.

8) **Колона по четворица (тројца)** е распоред на единици во кои одделенијата во водот се построени во колона по еден, еден до друг, на пропишано отстојание и растојание (Сл.27б и 27в).

9) **Редица** е распоред на единица во кој возилата се построени во линија на пропишано растојание (Сл.30, 35 и 40).

Во редица се постројуваат одделенија, водови, чети и баталјони со возила.

Составот може да се наоѓа на возилата или построени пред нив.

10) **Колона** е распоред на единици во кој возилата се построени едно зад друго на пропишано отстојание (Сл.31 и 36). Составот може да се наоѓа на возилата или построен зад возилата.

Во колона се постројуваат одделенија, водови, чети и баталјони кога составот се наоѓа на возилата.

11) **Линија на водни колони** е распоред на единици во кој водовите се построени во колона по четворица (тројца) во линија еден до друг на пропишано растојание (Сл.37 и 43). Кога составот е на возила или е построен пред нив, возилата на водовите се постројуваат во колони една до друга.

Во линија на водни колони се постројуваат чети и баталјони.

12) **Линија на четни колони** е распоред на единици во кој чети и други единици се построени во колона по четворица (тројца) во линија една до друга, на пропишани растојанија (Сл.44). Кога составот е на моторни возила, возилата на четата се постројуваат во колона, а колоните на четите една до друга.

Во линија на четните колони се постројуваат баталјони и бригади.

13) **Колона на двојни редови** е распоред на единици во кои персоналот е построен по големина на пропишаните растојанија и отстојанија.

Колона на двојни редови не е зборен строј, а се добива со престројување на единицата.

14) **Старешините на единиците,** по потреба, со оглед на состав на единицата, вооружувањето и опремата, пропишаните отстојанија и растојанија можат да ги приспособуваат кон конкретните услови и потреби.

15) **Строј –** поредок има: фронт, крило и бок.

Фронт е страна на строј – поредок во кој се свртени построените лица и возила.

Крило е десна или лева третина од строј – поредок.

При свртување „налево круг“ називите на боковите се менуваат.

Делот помеѓу крилата е средина на строј - поредок.

Бок е бочна страна на строј – поредок на единицата. Неговата длабочина се смета од крилното лице (возило, орудие) на последната редица.

При свртување на строј – поредок „налево круг“, називите на боковите се менуваат.

16) **Ред** формираат лица кои во строј – поредок стојат еден зад друг в тил. Ако зад лицето на една редица не стои друго лице, таков ред се нарекува непотполн. Последниот ред секогаш е полн.

При свртување на двореден строј „налево круг“ лицето од непотполниот ред, откако ќе се сврти, преминува во првата редица.

17) **Одржувач на правец** е војник, возило или единица, кои при движење го одржуваат определениот правец. Според нив, другите војници, возила и единици, го приспособуваат движењето.

18) **Растојание** е оддалеченост по фронт, а оддалеченост е оддалечување по длабочина.

Растојанието помеѓу лица се мери од лактот на едното до лактот на второто лице, меѓу возилата – од каросеријата (најширокиот дел) до каросеријата на соседното возило, помеѓу единици – од левокрилната десна до деснокрилната лева единица.

19) **Оддалеченост** помеѓу лица се мери од стапалото на едно лице до врвот на прстите на стапалото на второто лице, помеѓу возила – од работ на задниот дел (цевката на орудието) на едното до работ на предниот дел на следното возило, помеѓу единиците – од последниот ред возилото на едната до првата редица (возилото) на следната единица.

20) Командите за строевите постапки се издаваат со глас, со сигнали (со знаменце, со рака, со рачна батериска светилка и со други погодни средства – според таблицата на сигнали) и со средства за врска (кај посадата на тенк, самоодно орудие и кај другите борбени возила).

Командите со глас се издаваат секогаш кога е можно да ги чујат и разберат сите извршители. Тие мораат да бидат јасни, гласни и потполни.

Командата со глас, според начинот на издавањето може да биде нагласена и извршна.

Нагласената команда е единствена. Со неа се наредува која строева постапка потчинетите единици треба да ја извршат. Таа се изговара без посебно нагласување.

Извршната команда има два дела – подготвителен и извршен дел.

Подготвителниот дел на извршна команда одредува што треба да се изврши, **а извршниот дел,** кога да се изврши наредбата.

Подготвителниот дел се изговара малку развлечено (особено последниот слог) за да може воениот персонал да се подготви, а извршниот дел се изговара отсечно за да можат сите лица истовремено и сложно да ја извршат работата.

Команданти на единици со јачина на баталјон (само при престројување) и на бригада, командуваат со нагласена команда, а потчинетите старешини со извршна команда. Командири на чети при некои престројувања командуваат и со нагласена команда.

Кај сите нагласени команди се означува единицата. На пример:

„Бригада во линија на четни колони – ЗБОР!“

По нагласената команда, потчинетите старешини командуваат со извршна команда. На пример:

„Баталјон во линија на четни колони – ЗБОР!“

На паради, пречеци или испраќање, командант на баталјон или бригада може да командува со извршна команда, ако единицата е построена во таков поредок и на такво место што неговата команда може да се слушне.

Можат да се користат и разгласни уреди. Во тој случај им нагласува на потчинетите:

„Мојата команда е извршна!“

Кај извршните команди не се именува (означува) единицата, освен при постројување, за движење или запирање. На пример:

„Чета – ЗБОР!“

„Чета на – ПРЕД!“

„Чета – СТОЈ!“

Нагласена команда и подготвителниот дел на извршна команда се испишани со мали букви, а извршниот дел на извршната команда – со големи букви.

21) При обуката е дозволено одделни постапки да се делат на раздели. Првиот **раздел** се врши на извршниот дел на командата, а вториот и третиот на командата „два, три“ и тн. Пред изведување на работата со раздел, старешината командува: **„Со раздел!“**

22) Ако командуваната работа не е извршена правилно и добро, старешината командува: **„ОСТАВ!“**

Врз основа на командата се зазема ставот во кој биле пред командата. Ако во текот на изведување на работата со раздел, некој раздел не е извршен добро, на командата **„ОСТАВ!“,** се зазема положбата во разделот во кој биле пред командата.

По секоја команда **„ОСТАВ!“** старешината е должен да ја објасни грешката поради која командувал **„ОСТАВ!“.**

23) Старешина на единица при постројување на единицата одредува: место, време и вид на постројувањето, облеката, опремата, вооружувањето, техничките и другите материјални средства и ја проверува бројната состојба, надворешниот изглед и наместеноста на опремата.

ВТОРА ГЛАВА
СТРОЕВИ ПОСТАПКИ

1. Ставови без оружје

24) **Став „мирно“.**

Ставот „мирно“ се зазема на командата: **„МИРНО!“.**

На оваа команда военото персонал: брзо зазема цврст, прав и неусилен став, така што тежината на телото да му остане рамномерно распоредена на двете стапала, телото со рамењата благо да биде затегнато во иста височина да се наведне малку напред, петиците да ги состави и израмни, а врвовите на стапалата да ги рашири во широчина на стапалата, колената да ги затегне, градите да ги истури напред, рацете природно да ги испружи покрај телото, така што дланките да му бидат доближени кон бутот. Прстите се составени и испружени, а средниот прст го допира работ на панталоните. Положбата на главата е природна, а погледот насочен напред во висина на очите (Сл.1).

По заземање на ставот „мирно“ ниту еден дел од телото, до следната команда, не се помрднува.

Ставот „мирно“ без команда се зазема во следните околности: за време на интонирање (пеење) на државна химна, при поздравување на военo знаме и кога се издаваат команди, при предавање на рапорт, по командата „збор“ и кога военото персонал ќе застане на своето место во стројот, при поздравување на место, во строј, кога старешина ја обиколува единицата во строј, кога помлад му се обраќа на постар и кога му се обраќа постар, кога во канцеларија влегува или излегува претпоставеното.

Сл.1 - Став мирно

25) **Став „парадно слободно“.**

Командата за „парадно слободно“ може да се даде од ставот мирно. Командата за овој став е:

„**Парадно-СЛОБОДНО!“**

На извршниот дел од командата, левата нога брзо се одвојува за околу 15-20 см од десното стапало. Нозете се исправени без да се укочуваат во колената, а тежината на телото подеднакво се распределува на прстите и стапалата. Истовремено дланките од рацете се поставуваат назад, на средина на појасот. Прстите на двете раце се испружени и доближани, а палците прекрстени така што дланката на десната рака е одозгора (Сл.2). Главата и погледот се како во став мирно. Од овој став може да се премине во друг.

Сл.2 - Парадно слободно

26) **Став „наместо слободно“.**

Став „наместо слободно“ се зазема од ставот „мирно“ на командата:

„Наместо –СЛОБОДНО!“.

На оваа команда левата нога брзо се одвојува за 15-20 см (за ширина на рамењата) и се зазема погоден став. Десната нога за цело време не се поместува, рацете се природно испружени покрај телото. Во овој став военото персонал може да ги отстрани неправилностите кај себе. (Сл.3).

Сл.3 - Наместо слободно

27) **Став „слободно“**

Команда за овој став се дава на место или во движење. На оваа команда военото персонал, ако бил во став „мирно“ го поздравува старешината и оди, а ако претходно бил во друг став, зазема став „мирно“.

Во движење „слободно“ се дава на командата:

„СЛОБОДНО!“

Командата се издава под десна нога, потоа се чекори уште еден чекор со левата нога, брзо се доближува десната нога до левата, се свртува во правецот на старешината и се поздравува.

2. Ставови со оружје

28) Ставот „мирно“ со оружје е ист како и без оружје, со тоа што оружјето може да биде: „кон нога“, „за десно рамо“, „на гради“, „на плеќи“, „на рамо“ и „за рамо“ (Сл.4).

29) На командата „парадно слободно“, „на место слободно“ и „слободно“ се постапува како и без оружје. Кога се командува „слободно“ не се поздравува со рака, освен кога оружјето е во став „на плеќи“

Сл.4 - Став „мирно“ со оружје „за десно рамо“

30) Ставови со оружје се: кон нога, за десно рамо, на плеќи, на гради, на ногалки, на рамо, за рамо, почесен поздрав и за преглед на оружјето.

31) Ставот „кон нога“ е основен став за: пушка, пушкомитралез и рачен ракетен фрлач (за пушка М-70А „за десно рамо“).

Со пушка, ставот „кон нога“ се зазема така што со десната рака, која е природно испружена, се држи под токата за ременот (пушка М-70 за цевката под предниот нишан) потпрена на десната нога со кундакот на тлото и предниот дел израмнет со прстите на стапалото. Палецот ја опфаќа пушката од внатрешната, а другите прсти се

составени или испружени од надворешната страна. Левата рака со составени и испружени прсти е доближена кон телото (Сл.5).

Сл.5 - Став „мирно“ со оружје „кон нога“

Со пушкомитралез, ставот „кон нога“ се зазема на ист начин како со пушка, со тоа што со десната рака се држи за навлаката во висина на утврдувачот на ногалките (пушкомитралез М-72 за цевката под предниот нишан, а со прстите преку цевката кон ногалките), со кундакот наслонет на тло (Сл.6).

Сл.6 - Став „мирно“ со пушкомитралез „кон нога“

Со рачен ракетен фрлач, ставот „кон нога“ се зазема на ист начин како со пушка, со тоа што со десната рака се

држи над нишанот, така што со четири прста се фаќа лансирната цевка од надворешната, а со палецот од внатрешната страна (Сл.7).

Сл.7 - Став „мирно“ со рачен ракетен фрлач „кон нога“

32) Ставот **„за десно рамо“** е основен став за пушка М-70 А. Овој став се зазема така што, дното на сандакот е свртено нагоре (кундакот е преклопен кон сандакот), ремено е преку десното рамо и со десната рака се држи на 20 до 25 см од токата, а тупаницата на десната рака се прирджува кон телото. Левата рака е доближена кон телото (Сл.8).

Сл.8 - Став „за десно рамо“ со пушка

33) Преминување од ставот „кон нога“ во ставот „за десно рамо“ се извршува на командата: **„За десно РАМО!“.**

Со пушка, работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - со десната рака пушката се подига и брзо се донесува пред десната града, така што затворачот да биде свртен вдесно (кај пушката М-70 рамката е свртена влево), а токата за ремен во височина на рамото, пушката истовремено се фаќа со левата рака над задниот нишан, така што ременот да биде помеѓу телото и левата рака. Рацете до лакт се доближени кон телото; **вториот раздел** - со десната рака ременот се фаќа на 20 до 30 см од токата и се затегнува влево, така што десната рака да биде во височина на левата града, а пушката да остане во вертикална положба и **третиот раздел** - пушката со рацете брзо се префрла „за десно рамо“ со кратко и цврсто притискање на левата рака. Левата рака брзо се спушта и се доближува кон телото, а тупаницата на десната рака (која го држи ременот) се наслонува врз десната града со отворот до телото. Пушката се придржува кон телото со лактот на десната рака (Сл.9).

Сл.9 - Премин од став „кон нога“ во став „за десно рамо“

Со пушкомитралез, работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - со десната рака пушкомитралезот

се подига и брзо се донесува пред десната града, така што ракофатот да биде свртен во лева страна. Истовремено со левата рака се фаќа за долниот дел на навлаката над гривната (пушкомитралез М-72, над задниот нишан преку дрвената облога), така што ременот да биде помеѓу телото и левата рака.

Рацете до лактите се доближени до телото; **вториот и третиот раздел** - се изведуваат како со пушка (Сл.10).

Сл.10 - Премин од став „кон нога“ во став „за десно рамо“ со пушкомитралез

Со рачен ракетен фрлач 90мм, работата се изведува во три раздели: **првиот раздел** - со десната рака рачниот ракетен фрлач се подига и брзо се донесува пред десната града, така што токата да биде во височина на рамото, а ракофатот во десно. Истовремено со левата рака се фаќа за лансирната цевка помеѓу ракофатот и механизмот за опалување. При ова, рацете до лактите се доближени до телото; **вториот раздел** - со десната рака се фаќа и затегнува ременот и **третиот раздел** - рачниот ракетен фрлач со двете раце брзо се префрла „за десно рамо“ (Сл.11).

Сл.11 - Премин од став „кон нога“ во став „за десно рамо“ со рачен ракетен фрлач

34) Преминување од ставот „за десно рамо“ во ставот „кон нога“ се извршува на командата: **„Кон но-ГА!“.**

Со пушка и пушкомитралез работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - со десната рака, со помош на ременот, кундакот брзо се извлекува пред телото, а пушката (пушкомитралезот) едновремено со левата рака се фаќа над задниот нишан, така што ременот да остане помеѓу телото и левата рака; **вториот раздел** - со левата рака пушката (пушкомитралезот) се симнува од рамото и се става пред десната града, со десната рака пушката се фаќа под токата за ременот (пушката М-70 под предниот нишан) и **третиот раздел** - пушката (пушкомитралезот) брзо се спушта во ставот „кон нога“ така што кундакот да не удира на земјата. Левата рака се доближува кон телото.

Со рачен ракетен фрлач, работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - со десната рака, со помош на ременот рачниот ракетен фрлач брзо се изнесува пред телото и истовремено со левата рака се фаќа лансирната цевка под ракофатот, така што ременот да дојде помеѓу раката и телото; **вториот раздел** - со левата рака рачниот ракетен фрлач се симнува и се изнесува пред телото, а со десната над ракофатот, ракофатот е свртен вдесно и

третиот раздел - рачниот ракетен фрлач брзо се донесува во ставот „кон нога“.

35) Преминување од ставот „кон нога“ во ставот „на плеќи“ се извршува на командата: **„На пле-ЌИ!“.**

Со пушкомитралез М-72 работата се изведува во три раздела: **првиот и вториот раздел** - како при заземањето „за десно рамо“ и **третиот раздел** - со десната рака пушката (пушкомитралезот) се префрла преку глава на плеќи, така што ременот да биде преку левото рамо и градите. Рацете се доближуваат кон телото.

36) Преминување од ставот „на плеќи“ во ставот „кон нога“ се извршува на командата: **„Кон но-ГА!“.**

Со пушка работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - со десната рака се опфаќа потковот на кундакот со четири прсти одоздола, а кундакот со палецот однапред, едновремено со левата рака ременот се фаќа во висина на брадата со палецот до телото; **вториот раздел** - со десната рака пушката се подига нагоре, а со левата ременот се префрла преку главата, потоа со десната рака пушката се фаќа под токата за ременот (пушката М-70 за цевката под предниот нишан), а со левата рака над задниот нишан и се донесува пред десната града, вертикално со телото и **третиот раздел** - пушката се донесува во став „кон нога“. Левата рака се доближува кон телото.

Со пушкомитралезот М-72 работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - како со пушка; **вториот раздел** - со десна рака пушкомитралезот се подига нагоре, а со лева ременот се префрла преку глава, потоа со десната рака пушкомитралезот се фаќа за цевката преку ногалките под предниот нишан, а со левата над задниот нишан, преку дрвената облога и се поставува пред десната града, вертикално до телото и **третиот раздел** - како со пушка.

37) Преминување од ставот „за десно рамо“ во ставот „на плеќи“ се извршува на командата: **„На пле-ЌИ!“.**

Со пушка и пушкомитралез М-72 работата се изведува во два раздела: **првиот раздел** - со левата рака се опфаќа ременот, со палецот до телото, истовремено со десната рака се опфаќа потковот на кундакот со четири прсти одоздола, а кундакот со палецот однапред и **вториот раздел** - држејќи го со левата рака ременот, а со десната кундакот, пушката (пушкомитралезот) се подига нагоре, ременот се префрла преку глава и се става на левото рамо, а потоа рацете се доближуваат кон телото.

38) Преминување од ставот „на плеќи“ во ставот „за десно рамо“се извршува на командата:

„За десно ра-МО!“.

Со пушка и пушкомитралез М-72 работата се изведува во два раздела: **првиот раздел** - со левата рака се опфаќа под брадата со палецот до телото, истовремено со десната рака се опфаќа потковот на кундакот со четири прсти одоздола, а кундакот со палецот однапред и **вториот раздел** - со десната рака пушката (пушкомитралезот) се подига нагоре, со левата рака ременот се префрла преку глава, потоа со десната се опфаќа преку глава, потоа со десната се опфаќа ременот и пушката (пушкомитралезот) се доведува во ставот „за десно рамо“.

39) Преминување од ставот „кон нога“ во ставот „на гради“ се извршува на командата: **„На гра-ДИ!“.**

Со пушка и пушкомитралез М-72 работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - како „за десно рамо“; **вториот раздел** - со десната рака пушката (пушкомитралезот) се фаќа за ремен и се подига нагоре, така што да стои косо пред телото и **третиот раздел** - ременот се префрла преку глава и десната рака се провлекува помеѓу пушката (пушкомитралезот) и ременот. Левата рака се доближува кон телото, а со десната пушката се фаќа за вратот на кундакот.

40) Преминување од ставот „на гради“ во ставот „кон нога“ се извршува на командата: **„Кон но-ГА!“**

Со пушка и пушкомитралез М-72 работата се изведува во два раздела: **првиот раздел** - со левата рака пушката (пушкомитралезот) се фаќа над задниот нишан, а со десната за потковот на кундакот и се подига нагоре, потоа десната рака се провлекува помеѓу ременот и пушката (пушкомитралезот), ременот се симнува преку пушката (пушкомитралезот) како и во првиот раздел при земање на пушката се доведува во ставот „за десно рамо“ и **втори раздел** - пушката (пушкомитралезот) се доведува во став „кон нога“. Левата рака се доближува кон телото.

41) Преминување од ставот „за десно рамо“ во ставот „на гради“се извршува на командата: **„На гра-ДИ!“.**

Со пушка М-70А работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десна рака се симнува пушката (автоматот) од рамото не извлекувајќи го лактот на десната рака под ременот, истовремено со левата рака се фаќа за тромблонскиот нишан одоздола, држејќи ја пушката пред себе во хоризонтална положба со рамката надолу и **вториот раздел** - со десната рака ременот се префрла преку глава на левото рамо и пушката се фаќа за ракофатот, а левата рака се доближува кон телото (Сл. 12).

Сл.12 - Преминување од став „за деснои рамо“ во став „на гради“ со пушка

42) Преминување од ставот „на гради“ во ставот „за десно рамо“ се извршува на командата:

„За десно ра-МО!“.

Со пушка М-70А работата се изведува во три раздела: **прв раздел** - со десната рака пушката се подига малку нагоре, истовремено левата рака се провлекува под ременот и пушката се фаќа за тромблонскиот нишан одозгора, потоа лактот од десната рака се извлекува под ременот и ременот се фаќа до дното на сандакот, дланката е свртена нагоре; **вториот раздел** - со десна рака пушката (автоматот) со ракофатот се свртува нагоре, а со левата цевката надолу, ременот се префрла преку глава и пушката (автоматот) се поставува пред десната страна на градите, така што дното на сандакот да се наоѓа во височина на десното рамо и **третиот раздел** - со обете раце, со краток потисок на левата рака, пушката (автоматот) се префрла „за десно рамо“ (Сл. 13).

Сл.13 Преминување од ставот „на гради“ во ставот „за десно рамо“

43) Преминување од ставот „на гради“ во ставот „на плеќи“ се извршува на командата: **„На пле-ЌИ!“.**

Со пушката М-70А работата се изведува во два раздела: **први раздел** - со десната рака пушката се фаќа за цевката зад предниот нишан (дланката е свртена кон

телото) и **втор раздел** - со повлекување на цевката надолу и вдесно се пренесува во ставот „на плеќи“. Рацете се доближуваат кон телото.

44) Преминување од ставот „на плеќи“ во ставот „на гради“ се извршува на командата: **„На гра-ДИ!“.**

Со пушката **М-70А** работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десната рака (дланката е свртена кон телото) пушката се фаќа за цевката зад предниот нишан и **втор раздел** - со повлекување на цевката нагоре и влево се пренесува во ставот „на гради“, а потоа со десната рака се фаќа ракофатот. Левата рака се доближува кон телото.

45) Преминување од ставот „кон нога“ во ставот „на ногалки“ се извршува на командата: **„На - НОГАЛКИ!“.**

Со пушкомитралез работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - пушкомитралезот се свртува влево и се наведнува пред средината на телото, а со левата рака се разделуваат ногалките и се свртуваат за 180 степени, се откочуваат, и потоа со обете раце се фаќаат ногалките; **вториот раздел** - со исчекорување на левата нога напред се поставува пушкомитралезот на ногалките и **третиот раздел** - левата нога се враќа кај десната и се зазема став „мирно“ (Сл.14 а и б).

а) Пушкомитралез 7,62мм М 84 и М72

б) Пушкомитралез 7,62мм МГ-3

Сл.14 - Преминување од ставот „кон нога“ во ставот „на ногалки“ со пушкомитралез

46) Преминување од ставот „на ногалки“ во ставот „кон нога“ се извршува на командата: **„Кон но-ГА!“.**

Со **пушкомитралез** работата се изведува во три раздела: **првиот раздел** - со лева нога се исчекорува еден чекор напред и истовремено со десната рака се фаќа навлаката (пушкомитралез М-72) зад ногалките; **вториот раздел** - брзо се исправува и левата нога се приближува до десната, со левата рака се склопуваат ногалките и **третиот раздел** - се зазема ставот „кон нога“.

47) Преминување од ставот „кон нога“ во ставот „на рамо“ се извршува на командата: **„На ра-МО!“.**

Со **пушкомитралез М84, МГ-3** и **рачен ракетен фрлач 90мм** работата се изведува во три раздела: **прв раздел** - со десна рака пушкомитралезот (рачниот ракетен фрлач) се подига дијагонално во однос на телото. Истовремено со лева рака се фаќа за облогата (кај рачниот ракетен фрлач под ракофатот); **втор раздел** - со десна рака се фаќа за кундакот одоздола (рачниот ракетен фрлач за задниот дел од лансирната цевка одоздола) и **трет раздел** - (без придвижување на глава) со обете раце се става на десното рамо, така што со еден дел меѓу ногалките и браникот

(рачниот ракетен фрлач со делот помеѓу ракофатот и механизмот за опалување) да налегне врз рамото (Сл.15).

Сл.15 - Преминување од став „кон нога“ во став „на рамо“ со пушкомитралез и рачен ракетен фрлач

48) Преминување од ставот „на рамо“ во ставот „кон нога“ се извршува на командата: **„Кон но-ГА!“.**

Со пушкомитралез М84, МГ-3 и рачен ракетен фрлач 90мм работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - без придвижување на глава, пушкомитралезот (рачен ракетен фрлач) се спушта од рамото и се доведува дијагонално во однос на телото со едновремено фаќање со лева рака за облога (кај рачниот ракетен фрлач, лансирната цевка испод ракофатот);

втор раздел - со десната рака пушкомитралезот се фаќа за навлаката во висина на утврдувачот на ногалките (за рачниот ракетен фрлач над нишанот за лансирната цевка,

така што со четири прста се опфаќа цевката од надворешната, а со палецот од внатрешната страна) и се доведува во ставот „кон нога“. Левата рака се доближува кон телото.

49) Преминување од ставот „кон нога“ во ставот „за рамо“ се извршува на командата: **„За ра-МО!“.**

Со **пушкомитралез М84, со МГ-3** и **рачен ракетен фрлач 90мм** работата се изведува во два раздела: **прв раздел -** пушкомитралезот (рачен ракетен фрлач) со десна рака се наведнува пред телото прифаќајќи се со левата рака за скривачот на пламенот (рачниот ракетен фрлач за лансирната цевка), со десната рака ременот се фаќа за надворешната страна – одоздола од 25 до 30 см од токата и **втор раздел -** помагајќи се со лева рака пушкомитралезот (рачен ракетен фрлач) се подига и ременот се префрла на десно рамо, потоа со десна рака се фаќа за скривачот на пламен (рачниот ракетен фрлач за лансирната цевка). Со подлакт на десна рака пушкомитралезот (рачниот ракетен фрлач) се доближува до телото. Левата рака се доближува кон телото (Сл. 16).

Сл.16 - Преминување од став „кон нога“ во став „за рамо“ со пушкомитралез и рачен ракетен фрлач

50) Преминување од ставот „за рамо“ во ставот „кон нога“ се извршува на командата:

„Кон но-ГА!“.

Со **пушкомитралез М84, МГ-3** и **рачен ракетен фрлач 90мм** работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со лева рака пушкомитралезот се фаќа за облога (рачниот ракетен фрлач за лансирна цев изнад ракофатот), а истовремено со десна рака ремените се фаќа одоздола до десното рамо и **втор раздел –** пушкомитралезот (рачниот ракетен фрлач) малку се подигнува, се симнува ремените од десното рамо и помагајќи се со левата рака, се доведува во став „кон нога“.

51) Ножот на пушката се наместува на командата:

„Ножот на - ПУШКАТА!“.

На пушката М-70 ножот се мести во два раздела: **прв раздел** - пушката се наведнува пред средина на телото, така што шипката да биде влево, со левата рака се фаќа ракофатот на ножот и ножецот, се свртува назад и надолу, се вади од ножницата и се става на пушката и **втор раздел** - пушката се враќа во ставот „кон нога“, а левата рака се доближува кон телото.

На пушката М-59/66 ножот се мести во два раздела: **прв раздел-** пушката се наведнува пред средина на телото, со левата рака, со потиснување на утврдувачот на ножницата, ножот се откачува, а потоа се исправува и со потиснување на утврдувачот нагоре се зацврснува на цевката и **втор раздел** - пушката се враќа во став „кон нога“, а левата рака се доближува кон тело.

На пушката М-70А ножот се мести во два раздела: **прв раздел** - со десна рака се фаќа за тромблонскиот нишан, со палец одозгора не симнувајќи го ременот од рамо, цевката се донесува до височина на токата на ременот. Со лева рака се фаќа ракофатот на ножот и ножот се свртува назад и надолу, се вади од ножницата и се става на пушката и **втор раздел** - придржувајќи го ременот со лева рака, пушката се повлекува вдесно и назад во ставот „за десно рамо“, потоа со десната рака се фаќа ременот на 20 до 25 см од дното на сандакот. Левата рака се доближува кон тело.

52) Симнување (склопување) на ножот се извршува на командата: **„Ножот, СВИТКАЈ - ГО!“**

Кај пушката М-70 работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - пушката се наведнува пред средина на телото, со лева рака се фаќа ракофатот на ножот се симнува ножот и се става во ножницата и **втор раздел** - пушката се враќа во ставот „кон нога“, а левата рака се припива кон телото.

Кај пушката М-59/66 работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - пушката се наведнува пред средина на телото, со лева рака утврдувачот се повлекува нагоре и ножот се склопува и **втор раздел-** пушката се враќа во ставот „кон нога“, а левата рака се доближува кон тело.

Кај пушката М-70А работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десна рака се фаќа за тромблонскиот нишан, со палец одозгора не симнувајќи го ременот од рамото, пушката (автоматот) се повлекува пред себе

хоризонтално во височина на ременот. Со лева рака се фаќа ракофатот на ножот, ножот се симнува и се става во ножницата и **втор раздел** - како кај вториот раздел при местење на ножот.

53) Почесен поздрав се изведува со: пушка и пушкомитралез М-72, а во зависност од страната на која се поздравува, се извршува на командата:

„Почесен поздрав на ле-ВО!“ или

„Почесен поздрав на дес-НО!“ или

„Почесен по-ЗДРАВ!“.

Со пушка (освен со пушка М-70А) и со пушкомитралез М-72 почесен поздрав се изведува од ставот „кон нога“, а со пушката М-70А од ставот „за десно рамо“ (Сл.17). Со пушка работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десната рака пушката брзо се подига, се поставува пред средина на телото во вертикална положба, браникот на мушичката (пушката М70 устата на цевката,) е во височина на брадата, нишанот до телото (кај пушката М-70 рамката е свртена влево), истовремено со четирите прста на левата рака се фаќа однапред над всадникот (пушката М70 на облогата над задниот нишан), а со палецот до телото, лактите се доближени кон телото и **втор раздел** - десната рака брзо се пренесува на вратот од кундакот и со неа се држи пушката, така што палецот да биде од внатрешната страна, а другите прсти составени и испружени косо, на надворешната страна на вратот на кундакот. Истовремено главата се свртува налево (надесно) и со погледот се следи старешината.

Со пушката М-70А и М4 работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десната рака со помош на ременот пушката се симнува од рамото, со левата рака се фаќа за дрвената облога на гасниот цилиндер одоздола и пушката се држи пред себе, хоризонтално во висина на ременот и **втор раздел** - пушката со уста на цевката се свртува нагоре и истовремено со десна рака се фаќа за долниот дел

на сандакот напред со четири прсти, со палецот до телото и се држи вертикално со рамката влево.

Со пушкомитралез М-72 работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десна рака пушкомитралезот брзо се подигнува, се поставува пред средина на телото во вертикална положба, предниот нишан е во височина на очите, рамката е свртена влево, истовремено со четирите прсти на левата рака се фаќа за дрвената облога над задниот нишан, палецот е до телото, лактите се доближени кон телото и **втор раздел** - десната рака брзо се пренесува на вратот од кундакот, така што палецот да биде од внатрешната страна, а другите прсти се составени и испружени косо од надворешната страна на кундакот. Истовремено главата се свртува налево (надесно) и со поглед се следи старешината.

Сл.17 – Почесен поздрав

54) По почесниот поздрав се командува: **„Мир-НО“!**

На оваа команда главата се свртува право, а оружјето се враќа во ставот пред почесниот поздрав. **Со пушка** работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десна рака брзо се фаќа под токата за ременот (пушката М-70 под предниот нишан) и **втор раздел** - пушката се доведува во ставот „кон нога“. Левата рака се доближува кон тело.

Со пушката М-70А работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десната рака (дланката свртена нагоре) се фаќа ремонот кај долниот дел на сандакот, пушката со устата на цевката се свртува влево и **втор раздел** - пушката се наведнува кон устата на цевката напред и надолу, со левата рака се фаќа дрвената облога на гасниот цилиндер одоздола, кундакот се свртува нагоре и пушката се префрлува во ставот „за десно рамо“. Левата рака се доближува кон тело.

Со пушкомитралезот М-72 работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десната рака брзо се фаќа за цевката, преку ногалките помеѓу предниот нишан и гасната комора и **втор раздел** - пушкомитралезот се доведува во ставот „кон нога“. Левата рака се доближува кон тело.

55) За да се изврши преглед на оружјето старешината на единицата командува: **„Оружјето за-ПРЕГЛЕД“!**

Воен персонал кон кое ќе се упати старешината зазема став „мирно“, а потоа став за преглед на оружјето (Сл.18).

Со пушка (ПАП, АП М-70) работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десна рака пушката се опфаќа за цевка и брзо се подигнува дијагонално во однос на телото, така што затворачот да биде свртен вдесно (кај пушката М-70 рамката е свртена влево). Истовремено пушката се фаќа со левата рака над задниот нишан и **втор раздел** - со десна рака пушката се фаќа за вратот. Оружјето се држи дијагонално во однос на телото на околу 5 см од телото, десната подлактица е хоризонтално поставена, а лактите странично доближени до телото.

Со пушката М-70А работата се изведува од ставот „за десно рамо“ во два раздела: **прв раздел** - со десна рака се симнува пушката од рамото, истовремено со левата рака се фаќа за тромблонскиот нишан одоздола, држејќи ја пушката дијагонално во однос на телото, со рамката надолу и **втор раздел** - со десна рака се фаќа за ракофатот,

пушката се држи дијагонално во однос на телото, на околу 5 см од телото, десната подлактица е хоризонтално поставена, а лактовите странично доближе-ни до телото.

Со пушкомитралез М-72, М84, и со МГ-3 работата се изведува на следниот начин: оружјето се поставува во ставот „на ногалки“, а понатамошната работа се одвива споредс наредбата на старешината. По прегледот, оружјето се враќа во основниот став.

Сл. 18 – Ставови за прегле на оружје

56) Преминот од став „оружјето за преглед“ во основниот став се извршува по следното (веднаш по завршувањето на прегледот на оружјето):

Со пушка (ПАП, АП и рачен ракетен фрлач) работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со десна рака пушката цврсто се опфаќа за цевката (кај рачен ракетен фрлач за лансирната цевка) и се однесува во ставот „кон нога“ и **втор раздел** - левата рака остро се доближува кон телото.

Со пушката М-70А работата се изведува во два раздела: **прв раздел** - со лева рака пушката се опфаќа за тромблонскиот нишан одоздола и **втор раздел** - со десна рака се фаќа ременот и со рацете брзо се префрла „за десно рамо“. Левата рака се спушта и се доближува кон тело.

3. Движење

57) Поединец и единица можат да се движат со: **чекор, трчечки чекор и со трк.** Движењето почнува со левата нога. Брзината на движењето: со чекор од 114 до116 во минута: со трчечки чекор, од 160 до 170, а со трк не е определен бројот на чекорите, туку определениот простор се совладува во најкратко време. Должината на чекорот е околу 75 см, трчечкиот чекор околу 85 см, а при трк не е определен.

58) Чекорот може да биде: **строев, маршевски и слободен**.

Строев чекор се применува: при тргнување на единица од место, на воени паради, кога единицата поздравува во движење, кога единицата излегува дење од касарната, односно кога се враќа во касарната - при преминување низ портата, при предавање на рапорт пред стројот (поредокот) на единицата и кај сите строеви работи.

Маршевскиот чекор се применува во сите други прилики, освен при движењето преку мост, греда, подводно, замрзнато и стрмно земјиштеи слично, кога се применува слободен чекор.

59) Поединецот и единицата да тргне со строев чекор се командува

„Војник Дамчевски „на –ПРЕД!“ односно

„Оделение (вод,чета...) „на –ПРЕД!“

На оваа команда со лева нога се исчекорува напред така што таа да биде свиткана во коленото, стапалото да е паралелно со тлото и на висина од 25 до 30 см, а потоа не скратувајќи го чекорот ногата се спушта на тло. Во тој момент ногата потполно се исправа во коленото и тежината на телото се пренесува на левата нога. Десната нога истотака е испружена. Откако тежината на телото се пренесува на левата нога, со десната нога се продолжува

движењето на ист начин како и со левата, со тоа што почнува постепено да се свива во коленото откако ќе помине покрај левата нога. Положбата на горниот дел на телото е како во ставот „мирно“. Чекорот мора да биде еластичен и цврст, со пропишаната должина и брзина. Рацете наизменично се подигаат пред телото до височина на ременот, а прстите се благо свиткани (Сл.19).

Сл.19 - Строев чекор

60) Единицата да дојде со маршевски (слободен) чекор, се командува:

„Одделение (вод, чета...) со маршевски (слободен) чекор „на -ПРЕД!“

При движење со слободен чекор единицата не оди „во чекор“.

61) При некои престројувања на единици, воените лица можат да се движат и со„ покус чекор“ (со должина 20 см) најчесто заради престигнување на челниот војник или на единицата. За да се премине од чекор со нормална должина во „покус чекор“, се командува:

„Со покус-ЧЕКОР!“

Од „покус чекор“ да се премине во чекор во нормална долчина, се командува: **„Со полн-ЧЕКОР!“**

62) Од строев чекор во маршевски или од маршевски во слободен и обратно, се преминува на командата:

„Со маршевски-ЧЕКОР!“ или

„Со слободен-ЧЕКОР!“

На извршниот дел на командата, оној кој што е под левата нога, со десната се исчекорува уште еден чекор и со левата поминува во командуваниот чекор.

63) Движење со трчечки чекор од место започнува по командата: **„Со трчечки чекор на-ПРЕД!“**

Кај трчечкиот чекор рацета се свиткуват во лактите за околу 90 степени и со нив слободно се мафта покрај телото. Единицата оди „во чекор“.

64) Заради преминување од чекор во трчечки чекор се командува: **„Трчечки –ЧЕКОР!“**

На извршниот дел од командата оној кој е под лева нога, исчекорува од десната уште чекор и со левата го продолжува движењет со трчечки чекор.

65) Заради преминување од трчечки чекор во чекор се командува: **„Че-КОР!“**

На извршниот дел од командата оној кој е под лева нога, исчекорува уште еден чекор со десната нога и со левата го продолжува движењето во чекор.

66) Движењето со трк од место започнува на командата: **„Напред-ТРК!“**

Заради преминување од чекор или од трчечки чекор во трк, се командува: **„ТРК!“**

Заради преминување од трк во трчечки чекор, се командува: **„Трчечки –ЧЕКОР!“**

На оваа команда военото лица претрчува три-четири чекора и преминува во трчечки чекор.

„Војникот Шаркоски-СТОЈ!“

„Одделение (вод, чета..)-СТОЈ!“

На оваа команда се исчекорува уште еден чекор, цврство се доближуват нога до нога и се зазема ставот „мирно“.

При движењто со трчечки чекор, се исчекорува уште два чекора, се доближува нога до нога во тактот на чекорот, се застанува и се зазема ставот „мирно“. При движењето со трк се исчекорува уште три до четири чекори, се доближува нога до нога и се зазема ставот „мирно“.

67) За движењето со чекор и со трчечки чекор со пушка во ставот „кон нога“, на подготвителниот дел на командата пушката се подига така што дланката да биде на десниот колк. За движењето со трк пушката се зема со десната рака за зајакнатиот дел со устата на цевката во височина на појасот. Движењето со пушкомитралез и со рачен ракетен фрлач на кратки растојанија носењето го регулира старешината. Кога оружјето е во ставот„ за десно рамо“, „на гради“, „на плеќи“, „на рамо“, „за рамо“, при движење се задржува во ставот во кој било оружјето.

4. Свртување

68) Свртување на место и при движење може да биде „на десно“, „на лево“ и „на лево круг“. Свртувањето „на десно“ и „на лево“ изнесува 1/4, а „налево круг“ 1/2 од кругот.

Свртување на место се извршува на командата:

„На де-СНО!“

„На ле-ВО!“

„На лево-КРУГ!“

Свртување „на десно“ се изведува во два раздела: **прв раздел -** Се свртува петата од десната и прстите од левата нога, задржувајќи правилна пложба на телото и рацете. При свртувањето нозете не се составуваат во колената, а тежината на телото се пренесува врз десна нога и **втор**

раздел - левата нога брзо се доближува по најкус пат до десната нога. Свртувањето „налево“и „налево круг“ се изведува на петицата на левата и прстите од десната нога. Постапката е иста како и кај свртувањето „надесно“ со тоа што тежината на телото се пренесува врз левата нога.

69) Свртувањето при движење се извршува на командите:

„На де-СНО!“

„На ле-ВО!“

„На-ле-во-КРУГ!“

Свртување „надесно“ се изведува во два раздела: **првиот раздел** - на извршниот дел на командата, оној кој е под десна нога, исчекорува уште еден получекор напред со левата нога и **вториот раздел** - брзо се свртува на прсти на обете нозе и истовремено (со свртување) со десната нога го продолжува движењто во командуваниот правец.

Свртувањето „налево“ се изведува на два раздела: **првиот раздел** - на извршниот дел од командата, оној кој е под левата нога, исчекорува еден получекор напред со десната нога и **вториот раздел** - се свртува на прстите на обете нозе и истовремено (со свртување) со левата нога го продолжува движењето во командуваниот правец.

Свртување „налево круг“ се изведува во три раздела: **прв раздел** - на извршниот дел од командата, оној кој е под лева нога, исчекорува получекор со десната нога, потпирајќи се врз предниот дел од стапалото, **втор раздел** - се свртува брзо на прстите на обете нозе и по свртувањето тежината телото ја пренесува врз левата нога и **трет раздел** - исчекорува со десна нога и го продолжува движењето. При свртувањето рацете се доближени кон телото.

Свртување при движење со трчечки чекор се извршува според команди и на истиот начин какао и при движењето со чекор. По свртување се продолжува со трчечки чекор.

ТРЕТА ГЛАВА

ПОЗДРАВУВАЊЕ, ПРИОЃАЊЕ КОН СТАРЕШИНА И СИМНУВАЊЕ НА КАПА

1. Поздравување

70) Воен персонал поздравува со рака или со кимање на главата.

71) Кај поздравувањето со рака, военото персонал брзо ја подига десната рака покрај телото и средниот прст го допира до слепоочницата кога поздравува со беретка и плик капа а при поздравувањето со качкет, шапка, шлем, средниот прст е на работ на сонцебранот односно ободот на шлемот над слепоочницата. Другите прсти се испружени и составени, шаката со дланката е свртена кон образот, лактот природно е свиткан во височина на десната града. Левата рака со составени и испружени прсти се доближува кон телото (Сл.20). По поздравот раката се спушта покрај телото.

Сл. 20 - Поздравување без оружје во место

72) Кога воен персонал стои на место и треба да поздрави постар што поминува, кога постариот ќе дојде на три до четири чекори, се свртува кон него и во став

„мирно’’ го поздравува со рака и следејќи го со погледот, а раката не ја помрднува од слепоочницата (од работ на сонцебранот – шлемот, шапката). Кога постариот ќе помине еден до два чекора, помладиот ја свртува главата право и брзо ја спушта раката.

Ако военото персонал е без капа, или рацете му се зафатени, се постапува како што е изнесено во претходниот став, со тоа што ги доближува рацете кон телото и поздравува само со кимање на главата и со поглед.

73) Кога военото персонал поминува покрај постар, четири до шест чекори пред средбата, ја свртува главата во правецот на старешината, го гледа право во очи и истовремено брзо ја подига десната рака и поздравува (Сл.21). Кога ќе го помине постариот од себе, еден до два чекора, ја свртува главата право, брзо ја спушта раката и продолжува со движењето.

Ако военото персонал е без капа, се наоѓа на воздухопловно стојалиште или рацете му се зафатени, постапува според претходниот став, со таа разлика што рацете ги доближува кон телото и поздравува само со кимање на глава и со поглед.

Воен персонал кога ќе престигне постар од себе, го поздравува, кога ќе биде во неговата височина, а откако ќе го помине за еден чекор ја свртува главата право, брзо ја спушта раката и го продолжува движењето.

Сл.21 - Поздравување во движење без оружје

74) Воен персонал кога се наоѓа во м/в, автомобил, поздравува со рака седејќи. Кога управува со возило не поздравува.

Сл.22 - Поздравување со оружје „на плеќи“

75) Воен персонал кога има оружје во ставот „за десно рамо”, „кон нога”, „на гради”, „на рамо“ или „за рамо”, поздравува само со поглед, а левата рака е доближена кон телото. Ако се поздравува од место, претходно се зазема ставот „мирно”.

Кога оружјето е во ставот „на плеќи”, се поздравува како и без оружје (Сл.22).

76) Начинот за поздравување со „почесен поздрав”, е регулиран со одредбите на точка 55.

2. Приоѓање кон старешина

77) Воен персонал приоѓа кон старешината со маршевски чекор, освен кога предава рапорт пред стројот (поредокот) на единицата. На растојание од пет до шест чекори од постариот, зазема цврсто држење гледајќи го право в очи, му приоѓа на два до три чекора, застанува зазема став „мирно”, го поздравува и му се обраќа:

- ако непосредно е повикан: **„Повелете господине капетан**”, ако старешината не го познава: **„Повелете господине капетан, водник Петровски Петре**”.

- ако посредно е повикан: **„Господине водник се јавувам по ваша наредба**”, ако старешината не го познава **„Господине водник, војник Џафер Џафери, се јавувам по Ваша наредба”.**

- ако му приоѓа, а старешината не го повикал: **„Господине капетан, ми дојде посета. Ве молам за дозвола за излегување надвор од кругот на касарната до 22 часот”,** ако старешината не го познава: **„Господине капетан, десетар Трпе Трпевски ми дојде посета. Ве молам за дозвола за излегување надвор од кругот на касарната до 22 часот”.**

По обраќањето кон постариот, помладиот зазема став „на место слободно” и натамошниот разговор се врши во тој став.

Кога ќе заврши со разговорот помладиот бара одобрение да оди, на пример: **„Господине капетан, дозволете ми да одам**”, откако постариот ќе одобри, го поздравува, се свртува „налево круг” и си оди.

78) Воен персонал кога е со оружје, му приоѓа на старешината со оружјето „за десно рамо”.

3. Симнување на капа

79) Воен персонал ја симнува капата (шапката, баретката) на команда **„Капата- СИМНИЈА!”**

На ова команда, воен персонал со левата рака ја фаќа капата, (шапката, баретката) одозгора за предниот дел, така што капата и шапката се фаќаат за работ на сонцебранот во средината (баретката и плик капата се фаќаат така што показалецот да му биде на средина на баретката/плик капата, палецот од левата, а средниот прст од десната страна), се симнува од глава и се доближува до левиот бут, така што отворот да биде свртен кон бутот, а предниот дел со значката свртен нагоре.

80) Воен персонал ја става капата (шапката, баретката) на глава командата: **„Капата-СТАВИЈА!”**

На оваа команда воен персонал ја става капата (шапката, баретката) на глава со левата рака и ја мести со обете раце (баретката ја накривува вдесно) и го покрива делот на тилот и половина на челото, така што долниот раб на ширитот да оди хоризонтално на линијата на најголемиот обем на главата, со значката на средина на челото.

81) Воен персонал, кога е со оружје во ставот „кон нога”, пред да ја стави капата (шапката) на главата, ремените на оружјето го префрла преку десната рака, така што оружјето да биде меѓу десната рака и телото.

$\longleftrightarrow$

ЧЕТВРТА ГЛАВА

СТРОЕВИ РАБОТИ НА ОДДЕЛЕНИЕ

1. Постројување на одделение

82) **Зборни строеви** на одделението се: двореден строј, еднореден строј, колона по еден и колона по двајца.

83) Одделението да се построи во двореден строј, командирот на одделението командува:

„Одделение во две редици – ЗБОР!“

На оваа команда војниците брзо се постројуваат, така што средниот војник да застане пет чекори пред командирот на одделението, свртен со лицето кон него. Средниот војник од втората редица застанува зад средниот војник од првата редица, а другите војници во одделението се постројуваат лево и десно од нив (Сл.23). Неполн ред, ако има, секогаш е вториот од лево крило.

Распоредот на војниците во одделението е постојан.



Сл.23 - Одделение построено во двореден строј

84) Одделението да се построи во еднореден строј, командирот на одделението командува:

„Одделение во редица – ЗБОР!“

На оваа команда одделението се постројува како во претходната точка со тоа што војниците од втората редица застануваат лево од војникот во првата редица (Сл.24).



Сл.24 - Одделение построено во еднореден строј

85) Одделение (група) до пет војници секогаш се постројува во еднореден строј. Одделението да се построи (групата) во еднореден строј, командирот на одделението (групата) командува:

„Одделение (група) во редица – ЗБОР!“

На оваа команда војниците се престројуваат лево од командирот. При движење на одделението (групата) во колона по еден, командирот на одделението (групата) е на чело.

86) Одделението да се построи во колона по двајца, командирот на одделението командува:

„Одделение, во колона по двајца – ЗБОР!“

На оваа команда одделението се постројува зад командирот на одделение на 1,10 м (Сл.25а). По издадена команда, командирот на одделение се свртува налево круг и го следи постројувањето. При движење на одделението во колона по еден (двајца) командирот на одделение се движи од лева страна, три чекори од средината на колоната или на чело на колоната, на растојание од 1,10 m.

87) Одделението да се построи во колона по еден, командирот командува: **„Одделение, во колона по еден – ЗБОР!“**

На оваа команда одделението се постројува зад командирот на одделение на 1,10 м (Сл.25б).

По издадена команда, командирот на одделението се свртува налево круг и го следи постројувањето.

88) Одделението да се построи побрзо, командирот командува: **„Одделение, во две редици (во една редица), со трчечки чекор (трк) – ЗБОР!** или **„Одделение, во колона по еден (двајца), со трчечки чекор (трк) – ЗБОР!“**

На оваа команда одделението се постројува со трчечки чекор, односно со трк.

89) Одделението да се порамни по фронт, командирот командува: **„Надесно (налево) рамни – СЕ!“**

На оваа команда војниците, освен крилниот (крилните) на назначената страна, брзо и истовремено главата и погледот ги свртуваат во командуваната страна, ја заземаат пропишаната оддалеченост и растојание (војниците од втората редица им застануваат во тил на војниците од првата редица) и така се рамнат, рамењата да им бидат во една линија и секој да ги гледа градите на четвртиот војник, сметајќи се себе за прв.



а) Колона по двајца б) Колона по еден

Сл. 25 - Одделение построено во колона по еден и во колона по двајца

Командирот на одделението, ако е потребно, оди три чекора во продолжение на крилото, се свртува „налево

круг“ и го проверува рамнењето на првата а потоа и на втората редица. За поправка на рамнењето дава знак со рака на која страна е рамнењето. Хоризонтално испружената рака го означува крилото на рамнењето, малку повисоко подигната ја означува средината а уште повеќе подигната го означува спротивното крило. Ако е со пушка, пушката ја држи во левата (десната) рака во вертикална положба за широчина на дланка од телото. По завршеното рамнење, командирот на одделение, ако бил на крилото застанува пред стројот и командува:

„Мир – НО!“

На оваа команда војниците брзо и истовремено ја свртуваат главата право.

90) Одделението да се порамни во длабочина, командирот на одделението командува: **„В – ТИЛ!“**

На оваа команда војниците од првата редица се порамнуваат по фронт и заземаат растојание, а другите веднаш застануваат втил, го заземаат пропишаното растојание и оддалеченост. Командирот на одделението, ако е потребно, оди пет чекори пред челните, се свртува „налево круг“ го поправа рамнењето со рака или глас, дури не го види во еден ред само војникот според кој врши рамнење.

91) Од строј се излегува: од првата редица по најкус пат, а од втората, војникот излегува зад стројот, го заобиколува левото или десното крило, во зависност од тоа кое му е поблиску.

При враќањето во стројот, војникот од првата редица ги порамнува петиците со другите, се свртува „налево круг“ и зазема став како и другите војници во стројот, а војникот од втората редица се враќа на своето место обиколувајќи го поблиското крило.

92) Работите со оружје и свртување, одделението ги изведува на начинот и според командите за поединци, со тоа што сите војници работите ги извршуваат истовремено.

При земање на оружјето „за десно рамо“ и „кон нога“ војниците вооружени со пушкомитралез и со рачен ракетен фрлач, работите ги изведуваат истовремено со војниците вооружени со пушки. Ако треба (рачен ракетен фрлач) пушкомитралез да се земе во ставот „на рамо“ или „за рамо“, командирот на одделението претходно командува: **„На – РАМО!“** или **„За – РАМО!“**

93) Одделението да тргне напред со чекор, со трчечки чекор или трк, командирот на одделението командува:

„Одделение на – ПРЕД!“, или

„Одделение, правец.....на – ПРЕД!“

„Одделение, со трчечки чекор (трк) на – ПРЕД!“

На оваа команда одделението едновремено тргнува на начинот регулиран за поединци, средниот војник се движи по определениот правец а другите се рамнат според него.

94) Одделението да застане, командирот на одделение командува: **„Одделение – СТОЈ!“**

На оваа команда одделението застанува.

95) Кога земјиштето е суво и подесно, оружјето се става на земја. Ако одделението е построено во две редици, командирот на одделение командува:

„Првата редица два чекора на – ПРЕД!“

Одделението да го остави оружјето, командирот на одделение командува: **„Оружјето –ОСТАВИГО !“**

На оваа команда сите војници едновремено со левата нога исчекоруваат еден чекор напред, се наведнуваат и го ставаат оружјето на земјата, свртувајќи ја рачката на затворачот кон земјата, потковот на кундакот е израмнет со прстите на десната нога, пушкомитралезите се на

ногалките. По овие работи, левата нога ја доближуваат до десната.

Автоматските пушки се симнуваат од десното рамо едновремено со исчекорување на левата нога.

Ако ремените се симнуваат, командирот на одделение командува: **„Ремените –ИЗВАДИГИ!“**

На оваа команда војниците ги симнуваат ремените и ги ставаат пред стапалото на левата нога.

96) Одделението да го земе оставеното оружје, командирот на одделение командува:

„Одделение, кај оружјето —ЗБОР!“

На оваа команда одделението се постројува покрај оружјето, така што прстите на десната нога да бидат кај потковот на кундакот.

Потоа командирот на одделение командува:

„Оружјето –ЗЕМИГО!„

На оваа команда војниците исчекоруваат со левата нога еден чекор напред, го земаат оружјето во десната рака и исправајќи се ја доближуваат левата нога кон десната, нишанџиите на пушкомитралези ги склопуваат ногалките, а пушката М70А ја земаат во ставот „за десно рамо“.

Ако војниците ги симнале ремените, пред командата „оружјето земи го“, командирот на одделение командува:

„Ремените –ЗЕМИГИ!“

На оваа команда војниците ги земаат ремените и ги подесуваат на себе.

По ова, ако одделението е во две редици, командирот на одделението командува:

„Втората редица два чекора на – ПРЕД!“

2. Поздравување

97) Одделение поздравува во место и во движење.

98) За поздравување од место, одделението секогаш се постројува во двореден строј, освен одделенијата помали

од пет војници. Ако е со оружје, оружјето е „за десно рамо“.

Одделението да го поздрави старешината од место, зависно од тоа од каде доаѓа командирот на одделението командува**:**

„Поздрав на де-СНО!“,

„Поздрав на ле-ВО!“ или

„По-ЗДРАВ!“

Командата се издава кога старешината ќе дојде на 15 до 20 чекори.

На извршниот дел на командата за поздравување војниците брзо и едновремено ја свртуваат главата во командуваната страна, следејќи го старешината со свртување на главата и со поглед.

Командирот на одделение после издадената команда се свртува кон лицето кое се поздравува, му приоѓа со строев чекор, а на три до пет чекора од него, застанува и рапортира.

По предавање на стројот, командирот на одделението исчекорува еден чекор во страна така што старешината да биде до стројот, а тој од надворешната страна и го следи.

Старешината ја поздравува единицата:

„Војници-ЗДРАВО!“

На овој поздрав војниците отпоздравуваат: **„ЗДРАВО!“**

Потоа командирот на одделението командува:

„Мир-НО!“

Командирот понатаму постапува според наредбата од лицето кое примило рапорт или наредбата од претпоставениот.

99) За поздравување при движење, кога одделението ќе му се приближи на старешината на 10 чекори, зависно од која страна е старешината, командирот на одделението командува:

„Поздрав на де - СНО!“

„Поздрав на ле - ВО!“

На ова команда, ако одделението се движело со маршевски чекор, војниците преминуваат во строев чекор и истовремено ја свртуваат главата и погледот кон старешината, освен челниот што е на означената страна. Командирот на одделение поздравува како поединец и се движи со строев чекор.

Кога зачелјето ќе помине покрај старешината два до три чекора командирот на одделението командува:

„Мир-НО!“

На оваа команда војниците ја свртуваат главата право и движењето го продолжуват со оној чекор со кој се движеле пред поздравот.

Ако командирот на одделението поздравува со рака, пред командувањето „мирно“ја спушта раката.

100) На пофалба од старешината многу добро или одлично војниците одговараат гласно и сложно:

„ЗА МАКЕДОНИЈА!“

Заради истоверемен одговор, при движење, кога војниците со левата нога ќе ја допрат земјата, изговараат „ЗА“, а со десната „МАКЕДОНИЈА“.

101) На одделението да му се даде слободно командирот на одделението командува: „**СЛОБОДНО!“**

На оваа команда војниците постапуваат според точка 29, а командирот на одделението отпоздравува.

3. Престројување

102) Одделението да се престрои од двореден строј во колона по двајца и од еднореден строј во колона по еден, командирот на одделението командува: **„На де-СНО!“**

На оваа команда одделението се свртува.

Потоа командирот на одделението командува:

„В –ТИЛ!“.

На оваа команда војниците го заземаат пропишанато растојание и отдалеченост.

103) Одделението да се престрои од колона по двајца (колона по еден) во двореден строј (еднореден) командирот на одделението командува: **„На ле-ВО!“.**

На оваа команда одделението се свртува.

Потоа командирот на одделението командува: „**Надесно (налево) рамни – СЕ!“**

На оваа команда војниците се рамнат и го заземаат пропишаното растојание и отдалеченост.

104) Одделението да се престрои од двореден строј во еднореден строј, командирот на одделението командува: „**Во редица престрој - СЕ!“**

На оваа команда средниот војник останува на место, а другите војници од првата и втората редица брзо се разредуваат десно и лево на еден чекор растојание. По завршеното разредување војниците од втората редица истовремено застануваат лево од војниците што им биле в тил.

105) Одделението да се престрои од еднореден во двореден строј, командирот на одделението командува:

„**Во две редици престрој-СЕ!“**

На оваа команда војниците од втората редица застануваат зад војниците од првата редица, а потоа брзо се доближуваат кон средниот војник кој стои на место на пропишаното растојание.

106) Војниците да се разредат во еднореден строј односно во двореден строј командирот на одделението командува:

„Од средината разреди – СЕ!“,

„Влево (вдесно) разреди – СЕ!“ или

„Од средината (влево, вдесно) на ...чекори разреди - СЕ!“

На оваа команда, војникот од кого се врши разредување останува на место, другите брзо се разредуваат влево

и вдесно од средниот војник, односно влево (вдесно) од деснокрилниот војник (левокрилниот).

Ако со командата не е назначено растојанието, војниците се разредуваат на растојание од еден чекор .

По разредувањето, војниците се рамнат според средниот (крилниот) војник, и завзамат став „мирно“.

107) Војниците да се приближат во еднореден строј, односно во двореден строј командирот на одделението командува:

„Кон средината приближи - СЕ!“или

„Вдесно (влево) приближи - СЕ!“

На оваа команда сите војници, со исклучок на војникот кон кого се врши приближувањето, брзо се приближуваат.

Ако разредувањето (приближувањето) е поголемо од еден чекор, војниците се свртуваат во страна на разредувањето (приближувањето) и тргнуваат со трчечки чекор на определено растојание, а ако е на еден чекор се разредуваат (се приближуваат) со бочно исчекорување без свртување.

4. Престројување во движење

108) Одделението да се престрои од двореден (еднореден) строј во колона по двајца (по еден) во бочната страна, командирот на одделението командува:

„На – де - СНО!“

На оваа команда одделението се свртува „надесно“ челниот го продолжува движењето со полн чекор, а другите со скратен, додека не ја добијат пропишаната оддалеченост. Десниот ред се приближува кон левиот на 1,1 m.

109) Одделението да се престрои од колона по двајца (по еден) во двореден (еднореден) строј командирот на одделението командува:

„На – ле - ВО!“

На оваа команда одделението се свртува „налево’’. По свртувањето одржувачот на правецот оди право, а другите војници се приближуваат на пропишаното растојание и се рамнат без посебна команда.

110) Одделението да се престрои од колона по двајца во колона по еден, командирот на одделението командува:

„Во колона по еден престрој – СЕ!“

На оваа команда челниот војник од левиот ред го продолжува движењето, а другите го скратуваат чекорот, војниците од десниот ред доаѓаат во тил на војниците од левиот ред, штом секој ќе добие простор го продолжува движењето со чекор.

111) Одделението да се престрои од колона по еден во колона по двајца, командирот на одделението командува:

„**Во колона по двајца престрој – СЕ!“.**

На оваа команда челниот го скратува чекорот, војниците од десниот ред одат вдесно и формираат колона по двајца, а потоа командирот на одделението командува:

„Со полн - ЧЕКОР!“

На оваа команда одделението преминува во чекор.

5. Заодување

112) Одделението заодува од место и во движење. Одделнието да заоди од место, командирот на одделението командува:

„Одделение со десно (со лево) крило на - ПРЕД !“,
а при движење: **„Со десно (со лево) – КРИЛО!“**

Ако одделението е во двореден (еднореден) строј, крилниот на означената страна тргнува со чекор и заодува, а крилниот на спротивното крило (околу кого се заодува) тргнува со пократок чекор во лак на полупречникот од три чекора. Другите војници своето движење го приспо-

собуваат така што да бидат израмнети со крилото кое заодува.

Кога одделението е во колона, челниот заодува според лакот со полупречник од еден чекор.

Кога е извршено заодување колку што е потребно, командирот го запира одделението или командува:

„**ПРАВО!“**

На оваа команда сите војници движењето го продолжуваат право со полн чекор.

ПЕТА ГЛАВА

СТРОЕВИ И РАБОТИ НА ВОД

1. Постројување

113) Зборни строеви на вод се: двореден строј, еднореден строј, колона по еден, колона по двајца, колона по тројца (ако има три одделенија) и колона по четворица.

114) Водот да се построи во двореден (еднореден) строј, командирот на водот командува;

„Вод во две редици (во редица) - ЗБОР!"

На оваа команда водот се постројува пред командирот на водот на растојание од пет чекори. Командирот на третото одделение, односно командирот на второто одделенне (ако водот има три одделенија), застанува пет чекори пред комадирот на водот, а другите одделенија се постројуваат според редниот број на одделението. Командирите на одделенија се на десното крило на своите одделенија (Сл.26- а. и б.).



а) Двореден строј



б) Еднореден строј

Сл.26 - Стрелечки вод построен во двореден и еднореден строј

115) Водот да се построи во колона по еден (двајца, тројца, четворица), командирот на водот командува; **„Вод во колона по еден (двајца, тројца, четворица) - ЗБОР!"**

На командата за постројување во колона по еден, командирот на првото одделенне застанува два чекора зад командирот на водот, а зад него се постројува првото одделение во колона по еден. Другите одделенија се постројуваат едно зад друго во колона по еден.

На командата за постројување во колона по двајца (тројца, четворица) водот се постројува според Сл.27-а.б.в. Командирот на водот се движи лево од средината на колоната на растојание од пет чекори или на чело, на растојание од два чекора.



а) Колона по двајца



б) Колона по тројца

в) Колона по четворица

Сл.27 - Стрелечки вод построен во колона по двајца, тројца и четворица

2. Престројување

116) Престројување на вод од двореден строј во еднореден строј и обратно, се работи според истите команди на истиот начин како и за одделение.

117) Престројување на вод од двореден (еднореден) строј во колона по двајца (по еден) и обратно, се врши со свртување на водот „надесно" односно „налево". Командирите на одделенија по свртувањето надесно (во двореден строј) исчекоруваат половина чекор во десно, а при свртувањето налево од колона по двајца во двореден строј исчекоруваат половина чекор напред.



Сл.28. - Престројување на вод од двореден строј во колона по четворнца во истиот правец

118) Престројување на водот од колона по двајца во колона по еден и обратно, се работи според командите и на начинот како и за одделение.

119) Водот да се престрои од двореден (еднореден) строј од место во колона по четворица (тројца) во истиот правец, командирот на водот командува:

„Вод во колона по четворица (тројца) на-ПРЕД!"

На оваа команда командирите на одделенијата истовремено тргнуваат напред, а одделенијата се престројуваат во колона по еден. Командирот на третото (второто) одделение оди право, а другите командири на одделенија му приоѓаат со косо движење. Војниците одат по своите командири на одделенија (Сл.28).

120) Водот да се престрои од колона по четворица (тројца) во двореден строј во истиот правец, од место и при движеве, командирот на водот командува:

„Вод во две редици на-ПРЕД!", а во движење

„Во две редици престрој-СЕ!"

Командирот на третото (второто) одделение исчекорува (го продолжува движењето) десет чекори и застанува, а другите командири на одделенија со косо двнжење се оддалечуваат за широчина на одделението и кога ќе дојдат во неговата височина, застануваат.

Војниците во одделенијата се движат зад своите командири, а кога командирите ќе застанат, се престројуваат лево од нив во двореден строј (Сл.29).

121) Водот да се престрои од колона по еден во колона по четворица (тројца) од место, командирот на водот командува;

„Вод во колона по четворица (тројца) на-ПРЕД!"

Првото одделение останува на место, а другите се движат влево и по излегувањето во височина на првото одделение, застануваат.



Сл.29 - Престројување на вод од колова по четворица во двореден строј во истиот правец

122) Водот да се престрои од колона по еден во колона по четворица (тројца) во движење, командирот на водот командува:

„Во колона по четворнца (тројца) престрој-СЕ!"

Првото одделение го скратува чекорот, а другите излегуваат влево во височина на првото одделение, а потоа командирот на водот командува: **„Со Полн-ЧЕКОР!"**
Водот истовремено го продолжува движењето „со полн чекор".

123) Водот да се престрои од колона по четворица (тројца) во колона по еден од место, командирот на водот командува: **„Вод во колона по еден на-ПРЕД!”**

Првото одделение се движи напред, а другите одделенија кога ќе добијат простор, со косо движење доаѓаат зад него.

124) Водот да се престрои од колона по четворица (тројца) во колона по еден во движење, командирот на водот командува: **„Во колона по еден престрој-СЕ!"**

Првото одделение го продолжува движењето, а другите го скратуваат чекорот, и кога ќе добијат простор, го продолжуваат движењето со чекор по првото одделение.

125) Водот да се престрои од колона по двајца во колона по четворица (тројца) од место, командирот на водот командува:

„Вод во колона по четворица (тројца) на-ПРЕД!"

Првото одделение тргнува напред и во движење се престројува во колона по еден, а по извршеното престројување застанува. Другите одделенија се движат влево од првото одделение, а по престројувањето, кога ќе дојдат во височина на првото одделение, застануваат.

126) Водот да се престрои од колона по двајца, во колона по четворица (тројца) во движење, командирот на водот командува:

„Во колона по четворица (тројца) престрој-СЕ!"

Првото одделение го скратува чекорот и се престројува во колона по еден, другите одделенија тргнуваат влево, се престројуваат во колона по еден и излегуваат во височина на првото одделение, и по командата на командирот на водот: **„Сополн-ЧЕКОР!"**
Истовремено го продолжуваат движењето.

127) Водот да се престрои од колона по четворица (тројца) во колона по двајца во движење, командирот на водот командува: **„Во колона по двајца престрој-СЕ!".**

На оваа команда првото одделение го продолжува двнжењето и се престројува во колона по двајца, другите одделенија го скратуваат чекорот и штом ќе добијат простор, се престројуваат во колона по двајца и со косо движење доаѓаат зад првото одделение.

128) За да се добие колона на двојни редови, водот претходно се постројува во двореден строј. Потоа командирот на вод командува. **„На парови разброј-СЕ!"**

На оваа команда деснокрилниот од првиот ред изговара "ПРВ", следниот до него,"ВТОР" и така по ред дури целиот вод не се разброи. Војниците во втората редица имаат исти редни броеви како и војниците во првата редица (по истиот ред). Првиот разброен се вика непарен, а вториот парен. По разбројувањето командирот на водот комалдува: **„Во двојни редови на де-СНО!"**

На оваа команда водот се свртува надесно, а потоа разброените како втор и со десната нога исчекорува еден чекор вдесно и напред и застануваат десно покрај непарните од истата редица.

129) Од колона на двојни редови за да се добие двореден строј, командирот на вод командува:

„Налево во-ФРОНТ!"

На оваа команда водот се свртува налево, а потоа парните со левата нога исчекоруваат еден чекор влево и напред и застануваат помеѓу непарните порамнети со нив.

130) Другите строеви работи водот ги изведува според командите и на начинот како што се регулирани за стрелачко одделение.

Кога вод поздравува при движење во колона по четворица (тројца), сите крилни (на која страна се

поздравува) гледаат право, а помладите офицери поздравуваат со рака (ако не се вооружени со автомат или со пушка).

3. Вод на моторни возила

131) Зборни строеви на вод на моторни возила се: редица и колона.

132) Водот да се построи во редица, командирот на вод командува (дава сигнал):

“РЕДИЦА!”

На оваа команда (сигнал) возилото на командирот на водот застанува на простор, на кој лево од него може да се постројат другите возила на водот на 5м во редица (Сл.30).



Сл.30 - Вод на моторни возила построен во редица

133) Водот да се построи во колона, командрот на вод командува (дава сигнал):

“КОЛОНА!”

На оваа команда (сигнал) возилото на командирот на вод застанува на таков простор, на кој зад него може да се постројат другите возила на водот во колона на 10м (Сл.31).



Сл.31 - Вод на моторни возила построен во колона

134) Постапката да се построи пред (зад) возилата, командирот на вод командува (дава сигнал),

“Пред (зад) возилата –ЗБОР!”

На оваа команда составот се постројува како што е пропишано за возилото.

135) Водот да се натовари во возила, командирот на вод командува (дава сигнал),

“Вод зад возила-ЗБОР!”

На оваа команда водот се постројува зад возила (возачите ги отвораат вратите - задната страна на возила). Возилата можат да бидат во редица или во колона.
Потоа командирот на вод командува:

“На своите-МЕСТА!”

Составот се натоварува на возила. Распоредот на војниците во возилото е постојан.

При натоварувањето оружјето се држи во десна (лева) рака, а со лева (десна) војниците се приджуваат за рачката, нишанџиите, пушкомитралезите и рачните раќетни фрлачи им ги додаваат на помошниците, а по натоварувањето ги земаат пушкомитралезите и рачните ракетни фрлачи и одат на своите места. Во возило, оружјето се држи со двете раце меѓу нозе во вертикална положба, а автоматите и автоматските пушки М70А на колена со цевките вдесно.

Натоварување на митралезите, минифрлачите и орудија се врши според одредбите на техничките правила. Кога натоварувањето ќе се заврши, возачите ја затвораат задната страница на возилото и седнуваат зад управувачот.

136) Вод да се истовари од возила, командирот на вод командува:

“СЛЕЗИ!”, односно **“ИСТОВАРИ!”**

На оваа команда водот излегува од возилото, односно излегува и ги истоварува орудијата. По излегувањето, односно истоварувањето, водот постапува според наредба на командирот на водот.

137) Водот со постојан состав поздравува пред возила (на место) или кога се во возила (во движење).

138) Кога водот е построен пред возилата, комадирот на вод застанува пред средина на стројот на растојание од пет чекори, со лицето свртен кон водот.

Кога старешината ќе се приближи на 25 до 30 чекори, командирот на водот командува:

“Поздрав на де-СНО (нале-ВО)!” или **“По-ЗДРАВ!”**

На оваа команда военИот персонал ја свртува главата кон старешината и го следат со свртување на главата и со поглед.

Кога старешината ќе го обиколи стројот и ќе го поздрави, командирот на вод командува: **“Мир-НО!”**
На оваа команда военИот персонал ја свртуваа главата право. Понатаму се постапува според наредбата на старешината.

139) Во движење, командирот на вод и командирите на одделенија (кои што се во кабина на возилото, односно на оклопното возило) поздравуваат со рака и со свртување на главата во командуваната страна, а возилата се во колона.

ШЕСТА ГЛАВА

ЗБОРНИ СТРОЕВИ И РАБОТИ НА ЧЕТА

140) Во оваа глава обработени се зборни строеви на чета кои се однесуваат на сите чети на родови и служби во АРМ. Во артилериските и ПВО единици во наредбите за постројување зборот чета се заменува со зборот батерија.

1. Постројување, поздравување и престројување

141) Зборни строеви на чета се: двореден строј, линија на водни колони, колона по четворица (тројца-кога водовите имаат по три одделенија) и колона по двајца.

142) Четата да се построи во двореден строј, командирот на четата командува:

„Чета во две редици-ЗБОР!“.

На оваа команда, четата се постројува пред командирот на четата на растојание од десет чекори. Заменик командир на чета[1], првиот подофицер на чета и командата на чета се постројуваат на десното крило на четата. Командирот на вториот вод, застанува десет чекори во правецот на командирот на четата, а водовите се постројуваат според редните броеви во височина на вториот вод, на растојание од два чекори (Сл.32).



Сл.32 - Чета построена во двореден строј

[1] Заменик командир на чета – овој поим се користи во текстот на правилото и се однесува на офицер кој според формацијата е заменик командир на чета, а доколку како таков не постои тогаш се однесува на офицер од команда на чета кој покрај својата формациска должност ја извршува должноста заменик командир на чета

143) Четата да се построи во линија на водни колони, командирот на чета командува:

„Чета во линија на водни колони-ЗБОР!“.

На оваа команда, четата се постројува пред командирот на чета на растојание од десет чекори. Заменик командир на чета, првиот подофицер на чета и командата на чета се постројуваат на десното крило на четата (во зависност од бројната состојба командата се постројува како едно одделение во колона по еден или во колона по двајца). Командирот на вториот вод, застанува десет чекори во правецот на командирот на четата, а водовите се постројуваат според редните броеви во височина на вториот вод, на растојание од два чекора.

Водовите се постројуваат во колона по тројца или по четворица (во зависност од бројот на одделенија). Командирите на водови се од десната страна на своите водови, порамнети со првата редица во која се построени командирите на одделениа еден до друг. Зад секој командир на одделение се постројува неговото одделение во колона по еден (Сл.33).



Сл.33 - Чета построена во линија на водни колони

144) Четата да се построи во колона по двајца, командирот на четата командува:

„Чета во колона по двајца-ЗБОР!“.

На оваа команда, командата и водовите се постројуваат во колона по двајца. Заменик командирот на чета застанува

пет чекори зад командирот на чета. Зад заменик командир на четата, на растојание од два чекора, се постројува првиот подофицер на чета и командата на чета.

Водовите се постројуваат зад командата на четата на растојание од два чекора од вод до вод (Сл.34).

145) Четата да се построи во колона по четворица (тројца), командирот на чета командува: **„Чета во колона по четворица (тројца)-ЗБОР!“.**

Команда за постројување на чета во колона по четворица се издава кога во формацискиот состав на четата постои еден или повеќе водови кои се состојат од четири одделенија. Во овој случај доколку има други водови со по две или три одделениа тие без оглед на издадената наредба се постројуваат во онолкав број на колони колку што имаат одделениа во својот формациски состав. Без оглед на тоа да ли е наредено постројување во колона по четворица или по тројца командата на чета секогаш се постројува како одделение (во зависност од бројната состојба командата се постројува како едно одделение во колона по еден или во колона по двајца). Редоследот на постројувањето и растојанието помеѓу единиците се исти како и при постројување на чета во колона по двајца (Сл.34).

146) Рамнење на четата по фронт во двореден строј надесно врши заменикот командир на чета, а налево-командирот на последниот вод.

Рамнење по длабочина „во линија на водни колони“ вршат командирите на водови, а во колони, командирот на четата.

147) Со четата се тргнува според командите и на начинот како што е пропишано за вод. При движење „во двореден строј“ и „во линија на водни колони“ командирот

на четата го одредува водот за правец, доколку водот за правец не е назначен, тогаш тоа е претпоследниот вод.

148) Четата на место поздравува од двореден строј или од линија на водни колони. Командирот на чета застанува десет чекори пред средината на четата и кога старешината ќе дојде на 25 до 30 чекори, командува:

„Поздрав наде-СНО!“ (нале-ВО)!“ или **„По-ЗДРАВ!“**

Потоа му приоѓа на старешината со строев чекор, и на три до пет чекора застанува и му рапортира. По предавање на рапортот го следи старешината.

Кога старешината ќе го поздрави стројот, командирот на чета командува: **„Мир-НО!“** и понатаму работи според наредбата на старешината. Заменик командирот на чета, првиот подофицер на чета и командирите на водови поздравуваат со рака (ако не се вооружени со автомати или со пушки).



Сл.34 - Чета построена во колона по двајца

При движење, кога четата е во колона по двајца, се поздравува така што војниците и старешините ја свртуваат главата во командуваната страна. Командирот на чета, заменик командирот на чета, првиот подофицер на чета и командирите на водови поздравуваат со рака (ако не се вооружени со автомати или со пушки). Кога четата се движи во повеќе колони, колоната (на чија страна се врши поздрав) гледа право, а другите ја свртуваат главата во командуваната страна следејќи го старешината со главата и со погледот. Кога четата ќе го помине старешината, командирот на четата командува: **„Мир-НО!“**

На оваа команда, сите ги свртуваат главите во правецот на движењето.

Поздравување на старешината, кога четата е во движење, се врши со строев чекор. Пред доаѓањето на старешината на 20 до 30 чекори, командирот на чета командува: **„Со строев-ЧЕКОР!“,** а потоа: **„Поздрав наде-СНО!“ (нале-ВО)!“**

Кога четата ќе го помине старешината за десет чекори, командирот на четата командува: **„Мир-НО!“,** а потоа: **„Со маршевски-ЧЕКОР!“**

149) Четата да се престрои од двореден строј во колона по двајца на место, командирот на четата командува:

„Наде-СНО!“

150) Престројување на чета од двореден строј во колона по двајца и од колона по двајца во двореден строј, се изведува според наредбите и на начинот како што е пропишано за вод.

Претходно четата се постројува по големина и се дели на команда на чета и на водови. Заменик командир на чета е на десното крило од команда на чета, командирите на водови се на десното крило од својот вод, а меѓу водовите нема растојание. Разбројување се врши истовре-мено во сите водови.

151) Четата да се престрои од колона по четворица (тројца) во колона по двајца (еден) во движење, командирот на чета командува:

„Чета во колона по двајца (по еден) престрој-СЕ!“

На оваа команда, командата на четата и водовите истовремено се престројуваат во колона по двјаца (по еден) како што е пропишано за вод.

152) Четата да се престрои од колона по двајца (по еден) во колона по четворица (тројца) во движење, командирот на четата командува:

„Чета во колона по четворица (тројца) престрој-СЕ!“

На оваа команда, команда на чета како челна единица го скратува чекорот и понатаму останува во колона по еден или двајца (во зависност од бројната состојба командата се постројува како едно одделение во колона по еден или во колона по двајца), а водовите во движење истовремено се престројуваат во колона по четворица (тројца). Кога престројувањето ќе се заврши, командирот на четата командува: **„Со полн-ЧЕКОР!“**

На оваа команда, команда на чета и водовите движењето го продолжуваат со чекор.

153) Четата да се престрои од колона по двајца во колона по еден во движење, командирот на чета командува:

„Чета во колона по еден престрој-СЕ!“

На оваа команда, движењето се продолжува со чекор, а команда на чета и водовите едновремено се престројуваат во колона по еден.

154) Четата да се престрои од колона по еден во колона по двајца во движење, командирот на четата командува:

„Чета во колона по двајца престрој-СЕ!“

На оваа команда, командата на чета како челна единица го скратува чекорот и се престројува во колона по двајца, а зад неа водовите со забрзан чекор се престројуваат во колона по двајца.

Кога престројувањето ќе се заврши, командирот на четата командува: **„Со полн-ЧЕКОР!“**

На оваа команда, движењето се продолжува со чекор.

155) Четата да се престрои од двореден строј во колона по четворица (тројца) во ист правец, командирот на четата командува:

„Чета во колона по четворица (тројца) на-ПРЕД!“

или

„Чета во колона по четворица (тројца), редослед: команда, првиот, вториот, третиот вод, на-ПРЕД!“

На оваа команда, заменик командирот на чета излегува пред командата на четата, а командирите на водовите излегуваат пред своите водови и командуваат:

„Во колона по четворица (тројца) на-ПРЕД!“

На оваа команда, водовите се престројуваат во колона по четворица (тројца), а команда на чета останува во колона по еден или двајца (во зависност од бројната состојба командата се постројува како едно одделение во колона по еден или во колона по двајца).

Командата на чета го продолжува движењето право, а првиот вод и другите водови со косо движење доаѓаат в тил на командата според одредениот редослед. Командирите на водови се на чело на својот вод.

156) Четата да се престрои од колона по четворица (тројца) во двореден строј во истиот правец при движење, комадирот на четата командува:

„Чета во двореден строј престрој-СЕ!“

На оваа команда заменик командирот на чета на командата на чета и наредува:

„Во две редици престрој-СЕ!“

На оваа команда, командата се престројува во две редици (во зависност од бројната состојба командата се постројува како едно одделение во колона по еден или во колона по двајца), а командирите на водови командуваат:

„По МЕНЕ!“ и своите водови ги водат лево од командата на четата според редоследот и кога ќе го добијат пропишаното растојание, постапуваат како командата на чета и се порамнуваат според неа.

157) Четата да се престрои од линија на водни колони во колона по четворица (тројца) во истиот правец, командирот на чета командува:

„Чета, во колона по четворица (тројца), на-ПРЕД!“

На оваа команда, заменик командирот на чета на командата на чета и командува:

„Команда на чета на-ПРЕД!“

Командирите на водови излегуваат пред водовите и кога ќе добијат простор командуваат:

„Вод, по мене на-ПРЕД!“ и со косо движење своите водови ги водат в тил на командата на чета.

158) Четата да се престрои од колона по четворица (тројца) во линија на водни колони во ист правец при движењето, командирот на четата командува:

„**Чета, во линија на водни колони престрој-СЕ!“**

На оваа команда заменик командир на чета го продолжува движењето уште пет чекори право, ја запира командата на чета и застанува на десното крило на командата, а потоа командирите на водови командуваат:

„По МЕНЕ!“ и своите водови ги водат во височина на првиот ред, застануваат и ги порамнуваат според десно-крилниот. Потоа одат на десното крило на своите водови.

159) Четата заодува во сите поредоци најмногу за една четвртина од кругот.

Четата кога заодува од место, командирот на четата командува: **„Чета со десно (лево) крило на-ПРЕД!“**

Четата кога заодува при движење, командирот на чета командува: **„Со десно (лево) –КРИЛО!“**

На оваа команда, четата заодува како што е пропишано за вод, со тоа што внатрешното крило се движи според лакот чиј полупречник е пет чекори.

160) Другите строеви работи четата ги изведува според командите и на начин како што е пропишано за вод.

2. Чета на моторни возила

161) Зборни строеви на чета на моторни возила се: редица, колона и линија на водни колони. Четата да се построи во редица, командирот на чета командува (дава сигнал):

„РЕДИЦА!“

На оваа команда (сигнал), четата се постројува според Сл.35.



Сл. 35 - Чета на моторни возила построена во редица

162) Четата да се построи во колона, командирот на четата командува (дава сигнал): **„КОЛОНА!“**

На оваа команда (сигнал), четата се постројува според Сл.36.



Сл.36 - Чета на моторни возила построена во колона

163) Четата да се построи во линија на водни колони, командирот на четата командува (дава сигнал):

„ЛИНИЈА НА ВОДНИ КОЛОНИ!“

На оваа команда (сигнал), четата се постројува според Сл.37.

Четата да се престрои од редица во колона, командирот на чета командува (дава сигнал): **„КОЛОНА!“**

На оваа команда (сигнал), возилото на командирот на четата тргнува право со умерена брзина се дури колоната не се построи. По возилото на командирот на четата, возилата на команда на чета и возилата на водовите (одделенијата) тргнуваат по ред и со косо движење доаѓаат зад возилото на командирот на четата на отстојание од 25 метри, ако не е назначено поинаку со наредбата.



Сл. 37 - Чета на моторни возила построена во линија на водни колони

164) Четата да се престрои од колона во редица, командирот на чета командува (дава сигнал):

„РЕДИЦА!“

На оваа команда (сигнал), возилото на командирот на чета застанува. Возилата на команда на чета и возилата на водовите (одделенијата) одат косо во лево од возилото на командирот на чета и се постројуваат во редица како на Сл.35.

165) Четата да се престрои од линија на водни колони во колона, командирот на четата командува (дава сигнал):

„КОЛОНА!“

На оваа команда (сигнал), возилото на командирот на четата тргнува право со умерена брзина додека колоната не се построи. По возилото на командирот на четата,

возилата на командата на чета, тргнуваат и со косо движење доаѓаат зад возилото на командирот на четата. Возилата на водовите, кога ќе добијат простор, со косо движење доаѓаат зад возилата на единицата пред нив.

Оддалеченоста меѓу возилата е од 25 метри, ако не е поинаку назначено со наредбата.

166) Четата да се престрои од колона во линија на водни колони, командирот на чета командува (дава сигнал): **„ЛИНИЈА НА ВОДНИ КОЛОНИ!“**

На оваа команда (сигнал), возилото на командирот на четата застанува. Возилата на командата на чета со косо движење доаѓаат лево од возилото на командирот на чета, а возилата на водовите се постројуваат според Сл. 37 и застануваат.

167) Четата да изврши поздрав од место, се постројува во редица или во линија на водни колони. Составот се постројува пред возилата. Четата поздравува според наредбата и на начинот како што е пропишано за чета. Во движење, четата поздравува како што е пропишано за вод.

168) Другите строеви постапки четата ги изведува според наредбите и на начинот како што е пропишано за вод.

СЕДМА ГЛАВА

ЗБОРНИ ПОРЕДОЦИ И РАБОТИ НА БАТАЛЈОН

169) Во оваа глава обработени се зборни поредоци и работи на баталјон кои се однесуваат на сите баталјони на родови и служби во АРМ.

1. Постројување, поздравување и престројување

170) Зборни поредоци на баталјон се: линија на водни колони, линија на четни колони, двореден поредок и колона по четворица (тројца).

171) Баталјон да се построи во линија на водни колони, командантот на баталјонот командува:

„Баталјон, во линија на водни колони-ЗБОР!"

На оваа команда, баталјонот се постројува пред командантот на баталјон според Сл.38. Десно од командната чета, на растојание од пет чекори се постројуваат заменик командант на баталјон[2] и главен подофицер со командата и штабот на баталјонот кои се постројуваат во линија на водни колони како што е регулирано за вод. Лево од командната чета, на растојание од пет чекори се постројува првата чета и понатаму останатите чети.

---

[2] Заменик командант на баталјон – овој поим се користи во текстот на правилото и се однесува на офицер кој според формацијата е заменик командант на баталјон, а доколку како таков не постои тогаш се однесува на офицер од штабот кој покрај својата формациска должност ја извршува должноста заменик командант на баталјон



Сл.38 - Баталјон построен во линија на водни колони

172) Баталјонот да се построи во линија на четни колони, командантот на баталјонот командува:

„Баталјон во линија на четни колони-ЗБОР!"

На оваа команда, баталјонот се постројува пред командантот на баталјонот според Сл.39. Четите се постројуваат во колона по четворица (тројца) на растојание од десет чекори. Командирите на четите се од десната страна на своите чети, порамнети со првата редица.

173) Баталјонот да се построи во двореден поредок, командантот на баталјонот командува:

„Баталјон, во две редици-ЗБОР!"

На оваа команда, баталјонот се постројува пред командантот на баталјонот, според Сл.40. Командата и штабот се постројуваат во две редици како што е регулирано за постројување на вод, а четите се постројуваат во две редици на растојание од пет чекори.





Сл.40 - Баталјон построен во двореден поредок

174) Баталјонот да се построи во колона по четворица (тројца), командантот на баталјонот командува:

„Баталјонот во колона по четворица (тројца)-ЗБОР!"

На оваа команда,, командата и четите се постројуваат една зад друга во колона по четворица (тројца) на растојание од десет чекори. Растојанието се смета од последниот ред на претходната единица до командирот на следната единица Сл.41.

175) Баталјонот да се престрои од линија на водни и четни колони во двореден поредок во колона по четворица (тројца), командантот командува:

„Баталјон, правец... во колона по четворица (тројца) напред!" или

„Баталјон, правец... во колона по четворица (тројца) редослед: втората, третата итн. чета напред!"

На оваа команда, заменик командантот на баталјон излегува пред командата, а командирите на четите излегуваат десет чекори пред својата единица, и според редоследот за постројување или според командуваниот редослед, кога ќе им се создаде простор, командуваат:

Кога баталјонот е во линија на водни колони или на двореден поредок:

„Чета (команда) во колона по четворица (тројца) напред!"

На оваа команда, командата и четите се престројуваат во командуваната колона, како што е пропишано за чета, а командата како што е пропишано за вод.

Кога баталјонот е во линија на четни колони: **„Чета (команда) по мене на-ПРЕД!"**

На оваа команда, командата и четите тргнуваат на местото пропишано за колоната на баталјонот или на местото во колоната определено со наредбата.

Командата и штаб на баталјонот тргнуваат први, ако во командата не се нагласи поинаку. Со командата и штабот на баталјонот командува заменик командант на баталјон.

Командантот на баталјонот се движи пет чекори пред командата или од страна на стројот, од каде најдобро може да ја следи работата на единиците.



Сл.41- Баталјон построен во колона по четворица (тројца двајца)

176) Баталјонот да се престрои од колона по четворица (тројца) во линија на водни и четни колони и во двореден поредок во истиот правец, командантот на баталјонот командува (дава сигнал):

„Баталјон, во линија на водни (четни) колони!" или

„Баталјон, во две редици!"

Кога се престројува во линија на водни колони командирот на челната единица оди пет чекори право и ја запира единицата. Ако на чело била некоја чета, командирот на четата командува:

„Чета, во линија на водни колони престрој-СЕ!“

На оваа команда, четата се престројува во линија на водни колони како што е пропишано за чета. Командирите на другите чети наредуваат: **„ПО МЕНЕ!"** и ги водат своите единици, во лево и кога ќе го добијат пропишаното растојание, наредуваат:

„Чета, во линија на водни колони престрој-СЕ!"

На оваа команда, четите се престројуваат во линија на водни колони како што е пропишано за чета, со тоа што командирите на челните водови ги запираат своите водови, дури откако ќе дојдат во височина на единицата која се движела пред нив. Кога четите ќе се престројат, командирите одат на десното крило.

Кога се престројува во линија на четни колони, командирот на челната единица оди пет чекори право и ја запира единицата. Командирите на чети командуваат:

„ПО МЕНЕ!" и ги водат четите лево на пропишаното растојание, а кога ќе дојдат во височина на челната единица застануваат и се порамнуваат по фронт и длабочина. Потоа одат на десното крило.

Кога се престројува во двореден поредок, челната единица (команда и штаб на баталјонот) се престројува во двореден строј како што е пропишано за вод. Командирите на чети командуваат:

„ПО МЕНЕ!" и ги водат четите лево и, кога ќе го добијат пропишаното растојание командуваат: **„Чета, во две редици, престрој-СЕ!"**

На оваа команда, четите се престројуваат како што е пропишано за чета, со тоа што, командирите на челните водови ги запираат водовите во височина на единицата која се движела пред нив. Потоа командирите на четите ги порамнуваат четите и одат на десното крило.-

177) Баталјонот да се престрои од двореден поредок во колона по двајца во место, командантот на баталјонот командува: **„Наде-СНО!"**

178) Баталјонот да се престрои од двореден поредок во колона по четворица (тројца) во истиот правец, командантот на баталјонот командува:

„Баталјон, во колона по четворица (тројца) напред!"

На оваа команда, заменик командант на баталјон командува престројување на командата и штабот како што е пропишано за вод, а командирите на чети командуваат престројување на четите како што е пропишано за чета.

179) Баталјонот да се престрои од двореден поредок во колона на двојни редови и обратно, командантот на баталјонот командува:

„Баталјон, во двојни редови надесно!", односно

„Баталјон, налево во фронт!"

На овие команди, заменик командант на баталјон командува престројување на командата и штабот како што е пропишано за вод, а командирите на чети командуваат престројување на четите како што е пропишано за чета.

180) Баталјонот на место поздравува од зборни поредоци. Командантот на баталјонот застанува 20 чекори пред средината на стројот и кога старешината ќе се приближи на 50 чекори командува:

„Поздрав наде-СНО!"(нале-ВО!) или **„По-ЗДРАВ!“,** а потоа приоѓа на старешината со строев чекор, и на три до пет чекора застанува и му рапортира.

По предавањето на рапортот го следи старешината. Кога старешината ќе го поздрави стројот, командантот на баталјон командува: **„Мир-НО!“** и понатаму работи според наредбата на старешината.

Заменик командантот на баталјон, главниот подофицер и командирите на чети поздравуваат со рака (ако не се вооружени со автомати или со пушки).

181) Баталјонот во движење поздравува во колона, кога на старешината ќе му се приближи на 20 до 30 чекори, командантот на баталјонот командува:

„Баталјон, поздрав надесно (налево)!"

Заменик командантот на баталјон, главниот подофицер и командирите на четите командуваат:

„**Со строев-ЧЕКОР!"** а потоа **„Поздрав наде-СНО (нале-ВО)!“**

Заменик командантот на баталјон и командирите на четите командуваат постапно, односно заменик командант на баталјон веднаш, а командирите на четите во моментот кога средината на единицата која се движи пред нив, ќе биде кон старешината кого го поздравува.

Кога командата и штабот на баталјон ќе го помининат старешината за десет чекори, заменик командантот на баталјон командува:

„Мир-НО!", а потоа: **Со „Маршевски-ЧЕКОР!"**

Командирот на командната чета и командирите на останатите чети постапуваат на истиот начин, односно според редоследот на движење во стројот на баталјонот.

2. Баталјон на моторни возила

182) Зборни поредоци на баталјон на моторни возила се: редица, линија на водни колони, линија на четни колони и колона.

183) Баталјонот да се построи во редица, командантот на баталјонот командува (дава сигнал): **„РЕДИЦА!"**

На оваа команда, возилата на командата и штабот на баталјонот застануваат на пет метри лево од возилото на командантот на баталјонот, а другите возила се постројуваат според Сл.42.



Сл. 42 - Баталјон на моторни возила построен во редица

184) Баталјонот да се построи во линија на водни колони, командантот на баталјонот командува (дава сигнал): **„ЛИНИЈА НА ВОДНИ КОЛОНИ!"**

На оваа команда, возилата на баталјонот се постројуваат според Сл.43.



Сл. 43 - Баталјон на моторни возила построен во линија на водни колони

185) Баталјонот да се построи во линија на четни колони, командантот на баталјонот командува (дава сигнал): **„ЛИНИЈА НА ЧЕТНИ КОЛОНИ!"**

На оваа команда, возилата на штабот се постројуваат десет метри зад возилото на командантот на баталјонот, а

лево (од возилото на командантот на баталјонот) на растојание од десет метри застанува возилото на командирот на командната чета и зад него командната чета. Лево од командната чета се постројува првата чета и другите чети во колона, на меѓусебно растојание од десет метри според Сл.44. Возилата на четите се постројуваат во колона едно зад друго, на растојание од десет метри.

186) Баталјонот да се построи во колона, командантот на баталјонот командува (дава сигнал):

„КОЛОНА!" или **„КОЛОНА, редослед: третата, втората итн чета!"**

На оваа команда, возилата се постројуваат зад возилото на командантот на баталјонот едно по друго на растојание од десет метри, редот на постројувањето е според формацијата, или според редоследот кој е даден во командата.



Сл. 44 - Баталјон на моторни возила построен во линија на четни колони

187) Баталјонот да се престрои од редица, од линија на водни (четни) колони во колона, командантот на баталјонот командува (дава сигнал):

„КОЛОНА!" или **„КОЛОНА, редослед: третата, втората инт. чета!"**

На оваа команда, возилото на командантот на баталјонот тргнува право, а потоа го зазема определениот правец. По возилото на командантот на баталјонот тргнуваат возилата на командата и на штабот, а кога ќе го добијат потребното растојание, командирот на командната чета и останатите командири на чети последователно наредуваат престројување на четите и формираат колона.

188) Баталјонот да се престрои од колона во други строеви поредоци, командантот на баталјонот командува (дава сигнал):

„РЕДИЦА!" или **„ЛИНИЈА НА ВОДНИ (ЧЕТНИ) КОЛОНИ!"**

На оваа команда, возилата на командата и штабот на баталјонот излегуват десет метри напред и застануваат. Четите водени од своите командири одат во лево и се порамнуваат според командата и штабот (кога се престројува во линија на четни колони), односно се престројуваат во линија на водни колони или во редица и се порамнуваат според командата и штабот.

ОСМА ГЛАВА

ДРУГИ ОДРЕДБИ

1. Пречек и испраќање

189) За пречек (испраќање) единиците начелно се постројуваат во следните строеви (поредоци) :

- вод - во двореден строј;
- чета - во двореден поредок;
- баталјон - во двореден поредок или во линија на водни колони;
- бригада во линија на четни или баталјонски колони. при пречек (испраќање) на местата каде што нема простор за пропишаните поредоци, единиците се постројуваат во строеви-поредоци кои што одговараат на просторот.

190) Во сите строеви и поредоци за пречек (испраќање) треба да се придржува кон следното:

- Единиците се рамнат по фронт и по длабочина – според крилото - од каде старешината доаѓа;
- Командирите на водови и чети застануваат на она крило од каде старешината доаѓа, порамнети со првата редица (кога се во состав на чета, односно на баталјон);
- Командантот на баталјон застанува 20 чекори пред средината на стројот на баталјонот, свртен со лицето каде и баталјонот. Кога баталјонот е во состав на бригада, штом се командува поздрав, се оди на она крило на баталјонот од каде старешината доаѓа и застанува на три чекори растојание, порамнет со првата редица (ако командантот на бригадата командува со извршна команда, веднаш штом бригадата ќе се построи, застанува на крилото на баталјонот).

- Командантот на бригадата (полкот) застанува на 40 чекори пред средината на поредокот на бригадата (полкот) свртен со лицето кон единицата.
- Командата на бригадата се постројува на пет чекори растојание од крилото на бригадата (во двореден строј) од страната од која доаѓа старешината.
- Воениот оркестар, ако учествува, застанува на десет чекори растојание од крилото од страната од која старешината доаѓа.

191) Единиците за пречек и испраќање поздравуваат како што е пропишано за единиците кога поздравуваат во место.

192) На извршниот дел од командата за поздрав, оркестарот почнува да го свири определениот марш за пречек. Оркестарот свири дури командантот (командирот не застане пред лицето што го прима стројот), а продолжува да свири по предавањето на рапортот. Кога лицето што го прима стројот е застане пред стројот заради поздравување на единицата, оркестарор престанува да свири.

193) Командантот (командирот) што го предава стројот, рапортира, на пример: **„Господине...четата (баталјонот) е подготвен за смотра!“ .**

По рапортирањето исчекорува еден чекор во страна, така што старешината (на кого му се приредува пречек - испраќање) да биде до стројот, а тој од надворешната страна и да го следи.

Старешината кој го прима стројот, додека врши смотра на единицата, поздравува со рака.

Кога старешината ќе изврши смотра на единицата, старешината на единицата понатаму постапува според наредбата на старешината кој се пречекува.

Построените подофицери и офицери поздравуваат со рака (ако не се вооружени со автомати или со пушки).

194) За свечен пречек (испраќање), почесната чета и почесниот вод се постројуваат во двореден поредок. Знаменосецот и придружниците застануваат на два чекора од десното крило на првиот вод (знаменосецот во првата редица, еден придружник десно од знаменосецот, а еден придружник лево од знаменосецот). Оркестарот, ако учествува застанува на 5 чекори десно од знаменосецот.

При пречек (испраќање) на местата каде нема простор за пропишаните поредоци, единиците се постројуваат во поредоци коишто му одговараат на просторот.

Постапката на командантот (командирот) на почесната единица е како што е пропишано за чета (вод) кога поздравува на место, со тоа што единицата поздравува со почесен поздрав, а командантот (командирот) носи сабја.

2. Воени паради

195) Воени паради се одржуваат во годините на одделни јубилејни прослави на празниците на Република Македонија при завршување на маневар и на поголеми вежби на единиците на вооружените сили и во други околности кога ке се нареди.

196) Поредокот за парада го определува командантот на парадата, врз основа на: наредбата на старешината кој што наредил одржување на парада, бројот и големината на единиците кои учествуваат и од просторот на кој се одржува парадата.

Поредокот за парада, зависи од бројот на единиците и од просторот каде парадата се одржува, а начелно е следниот:

а) Командантот на парадата

Се одредува со наредба за одржување на парадата. Се движи на чело на парадата: пеш или на моторно возило.

б) Штабот на парадата

Се одредува со наредбата за одржување на парадата. Се движи пеш или со моторно возило, на растојание од 15 метри зад командантот на парадата.

Составот на штабот на парадата зависи од составот на единиците кои учествуваат на парадата.

в) Знаменскиот вод со знаме

Знаменскиот вод се формира од најдобрите војници, подофицери и офицери од единиците кои учествуваат во парадата.

За знаме на парадата се зема знамето на една од единиците чии делови најбројно учествуваат на парадата. Знамето со придружниците (двајца) се движи на растојание од 15 метри зад штабот на парадата.

Знаменскиот вод, во двореден строј, се движи на растојание од три метри зад знамето, односно 10 метри, ако се движи на моторни возила.

г) Ешалонот на воените школи

Се движи пеш, зад знаменскиот вод. Се состои од подешалони на воената академија,

д) Ешалонот на видовите

Се движи пеш, зад ешалоните на воената школа. Се состои од:

- подешалони на КоВ,
- подешалони на специјални сили,
- подешалони на полицијата, ако учествува на парадата.

ѓ) Ешалонот на моторизираните единици на родовите и службите.

- подешалон на родот пешадија,
- подешалон на родот на артилерија,
- подешалон на родот на АБХО,
- подешалон на родот на единиците за врски,

- подешалон на родот на оклопните единици,
- подешалон на родот на артилериско - ракетните единици за ПВО,
- подешалон на службите и
- подешалон на специјалните единици.

197) Кога на воената парада учествуваат авиони и хеликоптери, со наредбата за одржување на парадата, се определува: времето, маневарот и воздушниот простор за учество.

198) Брзината на движењето на моторизираните ешалони ја одредува командантот на парадата, а начелно е од 10 до 15 км/ч.

Подешалоните кои се движат пеш, начелно се постројуваат од 8 до 12 колони и од 8 до 12 редици.

Моторизираните подешалони се постројуваат во две колони. Отстојанието помеѓу возилата е 10 м, а растојанието пет до седум метри.

Отстојанието помеѓу ешалоните и подешалоните, зависно од конкретни услови, најчесто изнесува: помеѓу ешалоните 100 м, а помеѓу подешалоните 50 м.

199) Командантот на ешалоните (подешалоните) се движи пред ешалоните (подешалоните), начелно на 10 м, ако ешалонот (подешалонот) се движи пеш, а 30 м, ако се движи на моторни возила.

200) Сите растојанија во поредокот за парада ги определува командантот на парадата, според потребите за секој конкретен случај.

201) Линијата за поздрав е од 50 до 100 м од лицето кое се поздравува.

202) Военият оркестар се постројува со лицето свртен кон старешината кој се поздравува и свири за цело време дури единиците поминуваат.

203) Во определеното време, кога лицето кое се поздравува ќе пристигне на трибината, од военият оркестар излегуваат четворица до петмина музичари - фанфаристи. Под команда на еден од нив излегуваат во колона по еден, застануваат, се свртуваат во правецот од каде наидуваат единиците даваат знак за почеток на парадата.

На знак на фанфарите, командантот на парадата доаѓа пред трибината, застанува и рапортира, на пример:

„Господине .. единиците ... се подготвени за парада. Дозволете парадата да почне!“

Кога командантот на парадата ќе добие дозвола за почеток на парадата, се враќа пред единиците и командува (наредува) парадата да почне:

„Единици ... за парада напред!“

204) Командантот на парадата, кога ќе дојде на линијата за поздрав, со рака го поздравува старешината на кого се врши поздрав. Кога ќе го помине на 20 до 30 м, ја спушта раката, а потоа доаѓа на трибината и застанува два чекора лево од страна на старешината на кого се врши поздрав.

205) Кога челото на челниот ешалон ќе дојде на линијата за поздрав, командантот на ешалонот командува:

„Ешалон, поздрав надесно (налево)!“

Кога ешалонот ќе ја помине трибината на 20 до 30м, ја спушта раката и командува:

„Ешалон - МИРНО!“

Командантите на другите ешалони постапуваат како командантот на првиот ешалон. Командантите на подешалоните командуваат со извршни команди.

206) Ешалоните кои се движат пеш, откако ќе поздраваат, ако постои можност (тоа се регулира пред парадата), свртуваат во друг правец на движењето, за да го ослободат правецот за движење на моторизираниот ешалон (за да може побрзо да се движи).

207) Командантите на моторизираните, механизираните и оклопните ешалони (подешалони) и командирите на возилата поздравуваат со рака (од линијата за поздрав- без команда, што се регулира при подготовката за парада). Другите поздравуваат со свртување на главата кон старешината кого го поздравуваат, а возачите на моторните возила не поздравуваат.

208) Кога ќе помине последната единица (во поредокот за парадата), воениот оркестар на знак на предводникот, излегува на линијата за поздрав, поздравува и тргнува по последната единица.

3. Знаменски вод

209) За донесување, чување и враќање на знамето (на свечености) се одредува знаменски вод.

210) Знаменскиот вод го сочинуваат: командир на водот - офицер, знаменосец - подофицер, двајца придружници - подофицери и 24 војници (питомци).

За командир на вод - офицер со чин поручник - капетан, за знаменосец се одредува подофицер со чин постар водник - наредник, а за придружници - подофицери со чин - водник - постар водник.

Знаменскот вод носи вооружување и шлемови.

211) При донесување на знамето знаменскиот вод се движи кон местото каде се чува знамето, во колона по тројца. Командирот се движи на три чекори од левата

страна на водот, а три чекори пред водот е знаменосецот и придружниците (знаменосецот е во средината, а придружниците покрај него) Сл.45.



Сл.45.- Знаменски вод построен во колона по тројца

212) Кога ќе дојде до местото каде се чува знамето, командирот на знаменскиот вод го престројува водот во три редици, така што фронтот на водот да биде свртен кон местото од каде се донесува знамето (Сл.46).

213) За да се изнесе знамето, командирот на водот командува:**„Знаменосецот и придружниците, по знамето на - ПРЕД! “.**

На оваа команда знаменосецот и придружниците одат каде што е знамето.

Командирот на водот застанува на четири чекори десно од денснокрилниот, а на еден чекор пред првата редица свртен со лицето долж фронтот на водот и командува:

„Кон но - ГА! “

„Наместо - СЛОБОДНО! “



Слика Знаменски вод построен во три редици

214) Кога ќе го прими знамето од определеното лице, знаменосецот со знамето и придружниците оди кон водот. Кога знамето ќе се појави кон влезот од зградата, командирот на водот командува:

„МИРНО!“ и

„Почесен по - ЗДРАВ!“

На оваа команда водот извршува почесен поздрав. Командирот на водот, откако командува поздравува со рака. Кога знаменосецот и придружниците ќе застанат на своите места во стројот, командирот ја спушта раката и командува:

„Мир - НО!“, а потоа

„За десно ра - МО!“ и

„На де - СНО!“

На оваа команда водот тргнува кон определеното место за строј.

215) Знаменосецот, во стројот на место, знамето го држи во десната слободно испружена рака, така што долниот крај на копјето да се наоѓа кај средината на стапалото од десната нога.

Кога единицата изведува работи со оружје, положбата на знамето не се менува.

На подготвителниот дел од командата за движење, знаменосецот го донесува знамето на десното рамо и го држи со десна рака. На извршниот дел од командата,

знаменосецот почнува со движење и знамето го носи под агол од 45, така што долниот крај на копјето да биде 40 до 50 см над земјата.

216) Кога водот со знамето ќе се приближи на бригадата на 100 чекори, командантот командува:

„Бригада, мирно!“

„Бригада почесен поздрав надесно! (налево)“ или

„Бригада, почесен поздрав!“

Командантите на баталјоните и на самостојните единици на своите единици им командуваат со извршни команди (ако командантот на бригадата командува со нагласена команда).

Кога бригадата е построена во таков поредок и на такво место што командата на командантот на бригадата да може да се слуша (или се користи разгласен уред), командантот на бригадата командува со извршна команда.

Воениот оркестар свири марш за пречек (во недостиг на воен оркестар потребно е преку соодветен уред да се свири марш со задолжително озвучување, се дури знаменскиот вод не застане на своето место.

217) Ако единицата на воена академија нема оружје, се командува:

„Академија (класа), поздрав на де-СНО (налево)!“ или **„Академија (класа), по - ЗДРАВ!“**

218) Знаменскиот вод се движи со строев чекор, ако доаѓа од левото крило, поминува долж целиот фронт на бригадата и заодува околу десното крило, се постројува два чекори десно од командата на бригадата (кога се полага свечена обврска, спрема средината на фронтот, свртен кон единиците, на рстојание од 20 до 50 чекори).

Ако доаѓа од десното крило, веднаш оди на своето место. Знаменосецот и придружниците се постројуваат десно од командата на бригадата на три чекори и се рамнат

со првата редица на командата на бригадата, знаменскиот вод се постројува два чекора зад нив во колона по тројца, а командирот на знаменскиот вод се порамнува според знаменосецот и придружниците од левата страна.

219) Кога знаменскиот вод ќе застане на своето место, командантот на бригадата му дава знак на оркестарот да го прекине свирењето, а потоа командува:

„Бригада мирно!“

„Бригада, наместо слободно!“

Командантите на баталјоните и на самостојните единици на бригадата на своите единици им командуваат со извршни команди (кога командантот на бригадата командува со нагласена команда), а потоа знамескиот вод:

- Ако бригадата се постројува заради свеченост, по свеченоста знамето веднаш се враќа во просторијата каде што се чува, за сето време на свеченоста останува кај знамето.

- Ако бригадата по пречекот на знамето излегува од кругот на касарната и знамето го носи со себе, на командата на командирот на знаменскиот вод оди во својата единица.

220) Знамето да се однесе, командантот на бригадата командува:

„Бригада мирно!“

„Бригада почесен поздрав на де-СНО (налево)!“

Командантите на баталјоните и на самостојните единици на бригадата им командуваат на единиците со извршна команда (кога командантот на бригадата командува со нагласена команда).

Военото оркестар свири марш, а командирот на знаменскиот вод командува:

„За десно ра - МО!“

„Вод на - ПРЕД!“

Кога знаменскиот вод ќе се оддалечи на околу 100 метри, командантот на бригадата дава знак оркестарот да го прекине свирењето, а потоа командува:

„Мирно“

„На место слободно!“

Командантите на баталјоните и на самостојните единици на своите единици им командуваат со извршни команди (кога командантот на бригадата командува со нагаласена команда).

221) Кога знаменскиот вод ќе дојде на местото каде се чува знамето, командирот на вод го престројува водот во три редици како во Сл.46 и командува:

„Кон но - ГА!“

„Почесен по - ЗДРАВ!“

Потоа командува :

„Знаменосецот на - ПРЕД!“

Знаменосецот со знамето и придружниците одат. Кога знамето ќе се внесе во зградата, командирот на водот ја спушта раката, а потоа командува:

„Мир-НО!“

„На место СЛОБОДНО!“

По враќањето на знаменосецот и придружниците, водот го одведува каде што му е наредено.

222) Со знамето не може да се изврши извежбување на знаменскиот вод.

223) За извршување на поздрав со знаме, знаменосецот со левата рака го фаќа копјето поблиску до знамето, а со десната рака, држејќи се за копјето на околу 90 см од левата рака, се потпира на десниот колк, заради полесно држење на знамето. Копјето во оваа положба е под агол од 45 степени.

4. Почесна стрелба

224) Почесната стрелба се врши со стрелачко одделение и вод или со пешадиска чета. Единицата која врши почесна стрелба е вооружена само со пушки. Почесна артилериска стрелба се врши со наредба за истрелување на предвиден број плотуни од определен број артилериски орудија.

225) Почесна стрелба се врши од двореден строј - поредок. Командирот кој командува со единицата се наоѓа десно од десно крилниот и три чекори напред свртен долж фронтот (Сл.47).

За да се изврши почесна стрелба, се командува :

„Одделение (вод, чета) почесна - СТРЕЛБА!“

На оваа команда војниците од втората редица истовремено исчекоруваат со левата нога еден чекор влево и застануваат получекор во лево зад војниците од првата редица. Потоа се командува:

„ГОТОВ!“



Сл.47. - Вод построен за почесна стрелба

На оваа команда војниците заземаат став, „готов“, ги полнат пушките со три маневарски куршуми и го поставуваат регулаторот за стрелба на единечна стрелба (ако пушките се автоматски).

Потоа се командува: **„Во вис ни-ШАНИ!“**

На оваа команда војниците ги подигаат пушките и кундакот го наслонуваат на рамото, ја вперуваат цевката

нагоре под агол од 50 степени и ги порамнуваат цевките во линија.

На командата: **„ОГАН!“**

Сите војници истовремено истрелуваат, потоа уште два пати се командува „оган“.

Кога ќе се истрела третиот плутон се командува: **„ЗАКОЧИ!“,** а потоа **„Кон но - ГА!“**

Откако ќе се извршат овие работи, се командува: **„Во - ТИЛ!“**

На оваа команда војниците од втората редица со десната нога одстапуваат еден чекор назад вдесно и им застануваат втил на војниците од првата редица.

Потоа старешината командува:**„Почесен по - ЗДРАВ!“**

По извршениот почесен поздрав се командува „мирно“ и „наместо слободно“.

226) За остварување на почесна артилериска стрелба, орудијата се поставуваат во линија и се подготвуваат за стрелба, се зазема елевација 25-35 степени.

Старешината на единицата застанува на место каде може да го видат нишанџиите на орудијата и командува:

„Почесна - СТРЕЛБА!“

На оваа команда полначите ги наполнуваат орудијата со маневарски куршуми, нишанџиите известуваат „**ГОТОВО!“** ја подигаат десната рака и гледаат во правецот на старешината.

Старешината на единицата подигнува црвено бајраче над главата, потоа командува:

„Плотун - ОГАН!“

Едновремено со изговарање на извршниот дел од командата „ОГАН!“, енергично го спушта бајрачето.

На оваа команда истовремено од сите орудија се истрелува. Потоа орудијата се полнат.

Оваа постапка се повторува се до истрелувањето на определен број на плотуни.

5. Ставови и работи со сабја

227) Ставот „мирно“ со сабјата **„в ножница“** се зазема на истиот начин како и без сабја, со тоа што ножницата пред гривната се опфаќа со левата дланка со палецот од внатре. Ракобранот на сабјата со предниот дел наназад е потпрен на левата рака, додека долниот крај на сабјата е истурен малку напред со врвот на ножницата за 10 до 15см над тлото. Левата рака, во која се држи сабјата, природно е испружена до бутот на левата нога (Сл.48).

Сл.48 - Став „мирно“

228) Од ставот сабјата „**в ножницата**“ да се премине во ставот **„сабјата кон рамо**“, со левата рака сабјата се истура малку напред и се подига при што, левата дланка ја менува положбата и ја фаќа сабјата како што е наприродно.

Со десната рака се фаќа за држачот така што под лактот на десната рака по фаќањето да дојде во хоризонтална положба. Сабјата со брзо движење се извлекува од ножницата, се свртува со врвот нагоре, и што побрзо покрај телото се донесува во свивката на рамото, држачот на сабјата е опфатен со првите два прста, а другите прсти се свиткани на грбот на држачот. Сабјата стои исправена и ја допира свивката на рамото, острилото е свртено напред,

десната рака е спуштена до долниот раб на блузата, малку свиткана во лактот, а палецот е на средината од бутот и го допира шевот на пантолоните (Сл.49).

Сл.49 - Став „сабја кон рамо“

229) Од ставот „**сабја кон рамо**“ да се премине во ставот „**сабјата вножници**“, отворот на ножницата со левата рака се изнесува напред (како при вадење на сабјата), со десната рака сабјата се повлекува и се свртува така што дланката на десната рака да биде во висина на челото, а врвот на сабјата на отворот на ножницата, острилото свртено кон лицето кое ја држи сабјата. Потоа со десната рака сабјата се става во ножницата, рацете се враќаат на место и се зазема ставот „мирно“.

230) Во движење со сабјата „**кон рамо**“ природно се мафта со рацете, а горниот дел на сечилото не се одвојува од рамото. Со сабјата „кон рамо“ се тргнува со строев чекор, освен кога се даваат почести, кога се врши смотра на единицата, со сабјата „ кон рамо“ се оди со маршевски чекор.

231) Кога е „сабјата в ножница‘‘ се поздравува како и без оружје, со тоа што сабјата се држи со левата рака. Поздравување со сабја наместо се изведува во три раздела: **првиот раздел** - од ставот „на рамо‘‘ сабјата се подига со десната рака вертикално, така што држачот на сабјата за широчина на дланката да биде пред брадата, а острилото свртено напред, едновремено со вадење на сабјата се опфаќа држачот со целата дланка, а палецот се испружува на грбот на држачот, **вториот раздел** - острилото на сечивото се свртува вдесно и **третиот раздел** – сабјата брзо се спушта надолу и напред, така што врвот на сабјата да биде за 10 до 15 цм над тлото, а острилото на сечилото е свртено вдесно, десната рака е испружена, а ракобранот наслонет на бутот.

Ножницата се свртува влево, така што поширокиот дел да биде свртен напред. При извршување на **третиот раздел** главата и погледот се свртуваат кон страната во која се поздравува. (Сл.50).

Сл.50 - Став „за поздрав“ со сабја

232) Преминување од ставот „за поздрав“ во ставот „кон рамо“, на место се изведува во три раздела: **првиот раздел** - ако поздравот е „на десно“ (налево) главата и погледот се свртуваат право, со десната рака сабјата брзо

се подига вертикално, така што држачот да дојде пред брадата за една дланка, а острилото свртено вдесно, **вториот радел** - острилото се свртува право напред, и **третиот раздел** - сабјата брзо се донесува „кон рамо“, при што држачот се опфаќа со палецот и со двата први прста, додека другите прсти се свиткани на грбот на држачот.

233) Во движење со сабјата се поздравува исто како и на место, со тоа што при првото исчекорување на левата нога, по командата, истовремено се изведува и првиот раздел, а при следното исчекорување на десната нога - вториот раздел, третиот раздел се извршува при третото исчекорување. Кога се извршува третиот раздел, главата и погледот се свртуваат кон старешината кој се поздравува и не се мавта со рацете.

234) Преминување од ставот за поздрав во ставот „кон рамо“ во движење, се извршува во три раздела- исто како на место, со тоа што при првото исчекорување на левата нога, по командата, истовремено се изведува и првиот раздел. Вториот и третиот раздел се извршуваат кога и следните две исчекорувања (со десната и со левата нога).

235) Со сабја се поздравува кога се рапортира, на следниот начин: Лицето кое предава рапорт му приоѓа на лицето на кое му се рапортира на 3 до 4 чекори, застанува, поздравува со сабјата и рапортира, на пример:

(господине) ... почесната чета (баталјонот) е построена во ваша чест и готова за смотра, рапортира мајор Здравковски Горан. По рапортирањето, со сабјата зазема став „кон рамо“ исчекорува еден чекор во страна, така што лицето на кое му се рапортира да биде до стројот, а тој од надворешната страна и да го следи.

Ако лицето на кое му се рапортира му пружи рака на лицето кое дава рапорт за да се ракува, тој ја префрла сабјата во левата рака и ја донесува во став „кон рамо“ и се ракува.

ДЕВЕТА ГЛАВА
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

237) Со денот на влегувањето во сила на ова Правило престанува да важи Правилото за строева обука во Армијата на Република Македонија од 1996 година.

238) Ова Правило стапува во сила со денот на негово донесување.

П Р И Л О З И

ТАБЛИЦА НА СИГНАЛИ

Ред. Бр.	Значење на сигналот	Со барјак		Со батериска светилка	Со раце
1	**„ВНИМАНИЕ“!**	Бел барјак подигнат вертикално без движење		Со бело светло серија на точки	Рацете подигнати горе
2	**„ПОВТОРИ“**	Бел барјак поставен лево во висина на рамото и се мафта горе - доле		Со бело светло без движење - долготрајно	Со левата рака подигната во висина на рамото со движење горе - доле
3	**„ПРЕД ВОЗИЛОТО ЗБОР“**	Црвен и бел барјак испружени хоризонатално (десно и лево) во висина на рамото, без движење		Со бело светло да се опишува број осум во вертикална положба	Двете раце подигнати во висина на рамињата, без движење
4	**„ЛИНИЈА НА ВОДНИ КОЛОНИ“**	Бел барјак поставен десно во висина на рамото, без движење		Со бело светло на точка и долготрајно	Со десната рака подигната во висина на рамото
5	**„ЛИНИЈА НА ЧЕТНИ КОЛОНИ“**	Бел барјак подигнат десно во висина на рамото со движење горе – доле		Со бело светло на точка – долготрајно – точка	Со десната рака во висина на рамото со движење горе – доле
6	**„КОЛОНА“**	Црвен барјак се држи вертикално над главата, а бел барјак хоризонтално во висина на рамото и се движат кружно		Со зелено светло да се движи лево – десно	Постапката е иста како и со барјак

7	**„ЗАД ВОЗИЛОТО ЗБОР“**	Црвен и бел барјак испружени над главата косо под агол од 45 без движење		Со бело светло на точки и линии	Постапката е иста како и со барјак
8	**„НА СВОИТЕ МЕСТА“**	Црвен и бел барјак како сигналот под ред.бр.3 но со брзо спуштање долу		Со црвено светло да се кружи пред себе	Двете раце испружени во страна со брзо спуштање
9	**„СТАРТУВАЈ МОТОР“**	Бел барјак со кружно движење испред себе		Со бело светло да се кружи пред себе	Кружење со рака испре себе
10	**„ГАСИ МОТОР“**	Бел и црвен барјак со движење/ прекрстување испред себе		Црвено светло со серија на линии	Постапката е иста како и со барјаци
11	**„НАПРЕД“**	Бел барјак со брзо движење во правецот на движење		Зелено светло со серија на линии	Со десната рака, а постапката е иста како и со барјак
12	**„НАЗАД“ И „НАЛЕВО КРУГ“**	Црвен и бел барјак испружени в десно со движење кон себе и од себе		Црвено светло со движење Горе - доле	
13	**„ДЕСНО“ (ЛЕВО)**	Црвено барјак подигнато вертикално, а бел барјак хоризинтално во правец на движење и се држат без движење		Со зелено светло се прави круг пред себе, а раката да се испружи во правецот во кој треба да се движи	Постапката е иста како и со барјаци
14	**„РЕДИЦА“**	Црвен и бел барјак подигнати над вертикално глава со движење лево и десно		Со зелено светло без движење - долготрајно	Постапката е иста како и со барјаци